КОМИТЕТИ И РАБОТНИ ТЕЛА ВО НАТО

УНИВЕРЗАЛНО МОДУЛАРНО ТЕРЕНСКО ВОЗИЛО „SUPACAT HMT 600“

СИСТЕМ ЗА ВОЗДУШНА ОДБРАНА „IRON DOME“

ПЛАНЕРОТ „САЛАМАНДРА“

# ШТИТ

Број 175
Мај 2024

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Кралството Норвешка донираше 76 неборбени моторни возила за потребите на Армијата

# Свечено одбележан Ден бри




Во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец свечено беше одбележан 2 Април – Денот на Првата пешадиска бригада (1. пбр). На свеченоста по повод Денот на Бригадата присуствуваа министерката за одбрана Славјанка Петровска, началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменикот на министерката за одбрана, Тирон Јајага, посебен советник за безбедност од Кабинетот на претседателот, Блерим Коњали, генералите во Армијата, поранешни команданти на единицата, воени аташеи, воени раководители од ГШ и МО, како и претставници на локалната самоуправа и институциите со кои соработува единицата. Во своето обраќање пред присутните министерката Петровска истакна дека, 1. пбр е најмоќната и најбројната воена формација која го добива ликот на модерна и современа НАТО борбена структура.

„Во согласност со највисоките стандарди на Алијансата, покажавте вештини и знаења кои се неоспорен доказ дека функционирате беспрекорно и оти сме на одличен пат да ги исполниме сите зацртани НАТО цели на способности. Немам никаков сомнеж дека на оценувањето кое ни претстои во 2026 година, овој успех ќе го повториме, ќе го надградиме и ќе покажеме дека стандардите на Алијансата се втемелени во нашата Армија“, истакна министерката Петровска. Таа додаде дека со растот на одбранбениот буџет се гарантира стандардот на припадниците на Армијата, но и процесот на модернизација, кој во овој обем се случува за прв пат во нашата историја.
Командантот на КО, бригадниот генерал Бесник Емини, честитајќи го Денот на единицата на припадниците на Бригадата, истакна дека брзите промени и новите побарувања наметнуваат 1. пбр брзо да се адаптира и да

# от на Првата пешадиска гада




ги исполнува сите задачи, брзо, навремено и квалитетно. „Несомнено, добрите резултати произлегуваат и од присутноста на различните родови и служби кои ги има во 1. пбр, кои придонесуваат единицата да биде со врвни капацитети во извршување на сложените задачи. Задачи кои побаруваат добра организација, планирање и координирање помеѓу единиците во Бригадата, но и со сите останати во Армијата и НАТО сојузниците“, истакна Емини.

Командантот на Бригадата, бригаден генерал Сашко Лафчиски, истакна дека Првата пешадиска бригада е примарниот капацитет при исполнувањето на обврските произлезени од членството во НАТО, дефинирани преку целите на способности. „Слободно можам да кажам дека највисок приоритет на единицата е развојот на Лесната пешадиска баталјонска група, која е наша следна НАТО цел за 2027 година, а истата треба да се формализира со НАТО оценувањето на борбената готовност во 2026 година. Во оваа наша мисија секој припадник е важен, секој капацитет и ресурс е значаен. Нѐ очекува уште многу работа, уште многу предизвици при градењето на потребните капацитети“, истакна генералот Лафчиски.

На свеченоста по повод денот на единицата, беа доделени повеќе стимулативни мерки за припадниците на Бригадата, а беше прогласена и најдобрата единица во Бригадата, признание коешто оваа година го доби Командната чета од 2. пешадиски баталјон. Покрај доделените стимулативни мерки за постигнатите резултати, беа доделени и признанија за најдобрите натпреварувачи на натпреварите во воени вештини, а беше вклучена и изведба од културно-уметничките друштва „Бајрам Шабани“ од Куманово и „Јонче Христовски“ од општината Аеродром во Скопје.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчовска-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



13
Жените-лидери како сила за спречување конфликти



16
Под знамето на ОН
По заминувањето на мировниците (2)

# содржина

ШТИТ | година XVI | број 175 | мај 2024

ИНФО
**Кралството Норвешка донираше 76 неборбени моторни возила за потребите на Армијата** ........ 6

На прва линија
**Кога разузнавањето ќе потфрли** ........ 10

Родова рамноправност
**Жените во сајбер-безбедноста „Часовникот отчукува - време е“.** 19

Низ воената историја
**Израелско- арапската шестдневна војна или Јунската војна** ........ 20

Воена едукација
**Планинско војување (2)** ........ 22

Глобал
**Културна дипломатија(2)** ........ 25

Глобал
**Јавното мислење во современото општество** ........ 28

Вооружување
**Систем за воздушна одбрана „Iron Dome“** ........ 34

**Оклопно модуларно возило на финската армија „Patria AMV XP“** ........ 36

**„Kawasaki Ki-61“** ........ 38

**Хаубица 105 мм „M2A1“ и модернизиран сет за хаубица 105 мм „M2A1“** ........ 44

Аеродневник
**Планерот „Саламандра“** ........ 46

Воени музеи
**Чешки музеј на авијација – „KBELY“** ........ 48

Уметниците и војната
**Артур Гротгере Сликар на националната солидарност** ........ 54



32
Универзално модуларно теренско возило „SUPACAT HMT 600“



41
Компанијата „Берета“ ја претстави својата нова платформа за јуришни пушки

КОН ОВОЈ БРОЈ


ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник


# *Младите и одбраната*

*Високото образование е клучен сегмент од нашето општествено живеење па, токму затоа, особено е важно да се школуваат високообразовани кадри кои ќе можат институционално да ги реализираат своите квалификации по завршувањето на студиите. Министерството за одбрана и Армијата имаат континуирана потреба од надополнување на своите организациски единици со соодветен персонал. Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ е високообразовна институција каде што се школуваат професионални кадри за потребите на офицерскиот кор на Армијата. Младите, со завршено средно образование, имаат можности преку пријавување на посебни конкурси да бидат примени како професионални војници. Сведоци сме дека интересот за прием во редовите на професионалните војници е зголемен и дека на секој конкурс се јавуваат сѐ поголем број на заинтересирани кандидати. Во нашата држава постојат неколку високошколски установи коишто имаат катедри на кои се изучуваат наставни програми поврзани со проблематика поврзана со мирот, безбедноста и одбраната. Се разбира дека дипломираните студенти од овие факултети го гледаат својот иден професионален ангажман токму во рамките на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Министерството за одбрана остварува плодна соработка, која се темели на заеднички меморандуми за соработка, со неколку вакви високошколски установи, меѓу кои е и Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.*

*Во таа насока, меѓу другото, Министерството за одбрана се стреми сѐ почесто да има средби и комуникација токму со студентите од факултетите кои школуваат кадри за потребите на безбедносно-одбранбениот сектор. Директната комуникација и можноста да се видат на лице-место активностите на припадниците на Армијата, да се поразговара со нив, а воедно на студентите да им се укажат сите придобивки, но и предизвици со кои се соочува оваа професија, е најдобриот начин да се влијае врз младите и да се поттикнат да ја гледаат својата професионална иднина токму во Министерството за одбрана и во Армијата.*

*Министерката за одбрана Славјанка Петровска, во текот на изминатиот месец оствари средба со студентите од Институтот за безбедност, одбрана и мир, кои беа во посета на касарната „Илинден“, каде што одблиску се запознаа со дел од капацитетите и со начинот на функционирањето на Армијата. Во своето обраќање, министерката Петровска, на студентите им го образложи начинот како тие можат да станат дел од одбраната и Армијата и на тој начин да дадат свој личен придонес кон зацврстувањето на безбедноста. Таа им објасни на студентите дека Министерството за одбрана има потпишано Меморандум за соработка со нивниот факултет и дека е планирано да се воспостави програма за практична работа преку која, секој од заинтересираните студенти ќе може да извршува практична работа во Министерството и во Армијата, со можност да бидат вработени во Министерството или во Армијата. Ова е навистина убав поттик за младите и претставува добра можност да се искористат потенцијалите на соодветно образованиот кадар и, со тоа да се внесат нови сили и нов елан за доизградба на системот за одбрана на нашата држава.*


„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.


ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk




# Кралството Норвешка донираше 76 неборбени моторни возила за потребите на Армијата



На пригодна церемонија која се одржа во касарната „Илинден“ во Скопје,  Кралството Норвешка на Армијата на Република Северна Македонија ѝ ја предаде донацијата од седумдесет и шест моторни возила, од кои 36 се лесни пешадиски моторни возила од типот – „мерцедес бенц 290 ГД“ и 40 товарни моторни возила камиони – „сканија П3“. Оваа донација е  последен од досегашните многубројни проекти на одличната соработка во одбранбената сфера помеѓу Република Северна Македонија и Кралството Норвешка. На церемонијата на која беа изложени добиените 76 моторни возила, за значењето на донацијата се обратија министерката за одбрана Славјанка Петровска, амбасадорката на Кралството Норвешка за Северна Македонија, Кристин Мелсом, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и бригадниот генерал Андрес Јернберг, командант на логистика на Вооружените сили на Кралството Норвешка. Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во своето обраќање, заблагодарувајќи се за донацијата истакна дека денешниот настан најдобро го отсликува цврстото сојузништво помеѓу Северна Македонија и Кралството Норвешка и дека одбранбената соработка е пример за сојузничка соработка и поддршка со која се зајакнува Армијата на Северна Македонија, а истовремено се зајакнува и мирот, безбедноста и стабилноста на Алијансата и дека донацијата ќе овозможи значително зголемување на капацитетите на единиците на Армијата за извршување на нивните задачи, што директно ќе влијае и за постигнување на декларираното ниво на борбената подготвеност на претстојното оценување. Министерката посочи дека Норвешка е ценет, посветен и докажан пријател на Северна Македонија, а областите во кои е воспоставена соработка и поддршката во градење на капацитетите особено во контекст на целите на способности на НАТО. Амбасадорката Мелсом во своето обраќање истакна дека меѓусебните дипломатски односи кои континуирано се подобруваат во последните 30 години, во последните години уште повеќе се зајакнаа и во воената соработка, особено по приемот на Северна Македонија во НАТО и посветеноста која ја покажуваме кон исполнување на вредностите на Алијансата. Генералот Јернберг го оцени овој ден од историско значење бидејќи ја одбележува најголемата донација на воена опрема што Кралството Норвешка ја има направено за некоја земја од Западен Балкан. Притоа, тој истакна дека она што во меѓусебните разговори со нашите армиски претставници го има забележано е дека иако нашите земји се различни, како и армиските команди и воена организација се разликуваат, имаме заеднички логистички пристап и дека преку билатералната соработка кога станува збор за обезбедување на поддршка овозможува заемно ефикасна, ефективна и поодржлива воена логистика.



Началникот на Генералштабот, генералот Ѓурчиновски, пред присутните изрази благодарност кон Кралството Норвешка, притоа истакнувајќи ја важноста на оваа донација за подобрување на армиските капацитетите преку значително подобрување на мобилноста на армиските единици во исполнување на задачите кои ни претстојат. Зборувајќи за меѓусебната билатералната соработка која Армијата ја има на ниво на началници на генералштабови, тој ја истакна поддршката од неговиот колега, генералот Ерик Кристоферсон и Вооружените сили на Кралството Норвешка. Говорејќи за важноста на донацијата Ѓурчиновски истакна дека ова е една од најголемите донации за нашата Армија. Реализацијата на донацијата е иницирана кон крајот на 2022 година, на една од средбите помеѓу началниците на генералштабовите на двете армии, генералите Ѓурчиновски и Кристоферсен.

# Годишен симпозиум за нуклеарна политика на НАТО

Нуклеарниот симпозиум на НАТО се одржува секоја година од 1992 година, а неговата главна цел е да поттикне подлабоко и посеопфатно знаење за основните предизвици на нуклеарното одвраќање на НАТО. Оваа година Годишниот симпозиум се одржа во Скопје и ги обедини претставниците од НАТО, сојузничките влади и експерти од академската заедница, кои се состанаа со цел да разговараат на експертско ниво за актуелните прашања од доменот на нуклеарната политика. На Симпозиумот учесниците дебатираа за прашања врзани со управувањето со ескалации, стратешките комуникации и новите предизвици на нуклеарното одвраќање. Воведно обраќање на отворањето на Симпозиумот имаа министерката за одбрана Славјанка Петровска и директорот за нуклеарна политика на НАТО, Џим Стоукс. „Оваа година ја славиме 75-годишнината од најсилната и најуспешната Алијанса и горди сме што сме дел од ова семејство“, рече Славјанка Петровска, министерка за одбрана на Република Северна Македонија во своето воведно обраќање. „Во тој дух, Северна Македонија е почестена што може за прв пат да биде домаќин на Симпозиумот за нуклеарна политика на НАТО. Директорот за нуклеарна политика на НАТО, Џим Стоукс, истакна дека годишнината им дава на сојузниците повод да размислат за важноста на нуклеарното одвраќање како основа



на меѓусебната безбедносна гаранција и колективна одбрана на Алијансата. „НАТО и сојузниците ќе продолжат да ги преземаат сите неопходни чекори за да обезбедат кредибилитет, ефективност, безбедност и сигурност на мисијата за нуклеарно одвраќање“, истакна директорот Стоукс во своето обраќање.

# Средба со помошник-генералниот секретар на НАТО Ангус Лапсли

Министерката за одбрана Славјанка Петровска се сретна со помошник-генералниот секретар на НАТО за одбранбена политика и планирање, Ангус Лапсли и неговиот тим, каде се разговараше за безбедносната состојба во Европа, исполнувањето на НАТО целите на способности, како и за развојот на способностите на македонската Армија која минува низ сеопфатен процес на опремување и модернизација. „Северна Македонија, како и останатите сојузници, е амбициозна и посветена на исполнувањето на НАТО целите на способности. Тоа е јасно видливо преку исполнувањето на двата НАТО критериуми поврзани со буџетирањето на одбраната. Ние во безбедноста вложуваме 2,05% од македонскиот БДП, а од нив речиси една третина се инвестира во опремување и модернизација на Армијата“, рече министерката. Петровска ја реафирмираше посветеноста на Северна Македонија кон зацврстувањето на колективната безбедност на НАТО, и тоа преку учеството во мултинационалните сили на Алијансата во Романија, во Бугарија и во Латвија, додека истовремено земјата се позиционираше и како една од столбовите на регионалната стабилност. Пример за нашата посветеност на



регионот, потенцираше Петровска, е учеството во мисијата на НАТО на Косово, КФОР и во операцијата на ЕУ во Босна и Херцеговина, АЛТЕА. Петровска и Лапсли разговараа и за претстојниот Лидерски самит на НАТО во Вашингтон, каде ќе биде одбележан и 75-годишниот јубилеј. Соговорниците ја реафирмираа и поддршката за Украина која ја брани својата независност и својот територијален интегритет.

# Хуманоста на дело

Припадниците на Армијата од КОД, по повод 15 Април, Денот на КОД, учествуваа во крводарителска акција. Крв даруваа професионални војници, офицери, подофицери, граѓански лица на служба во Армијата. Од Општинската организација на Црвениот крст потенцираа дека, како и многупати во изминатива години и во оваа акција припадниците на Армијата ја искажаа и потврдија својата хуманост на дело. Воедно, тие оценија дека акцијата е една од најуспешните во изминатите години. Акцијата беше реализиранаво соработка со медицинска екипа од Институтот за трансфузиона медицина од Скопје. На првиот ден од акцијата, на 9 април, беа собрани 74 крвни единици, од кои 37 лица за првпат даруваа крв и станаа крводарители. На вториот ден од акцијата на 16 април, крв даруваа 48 лица, а од нив 24 за првпат даруваа крв и станаа крводарители. Сите потенцираа дека се горди што овој чин на прво крводарување е во акција во Армијата и посебно што е во чест на 15 Април, Денот на КОД и најавија дека ќе продолжат да даруваат крв секогаш кога е потребно да се спаси нечиј живот. Покрај оваа пролетна акција во велешката касарна и наесен се организира доброволно дарување на крв. За придонесот на припадниците на КОД во хуманитарните акции, со Одлука на Раководниот одбор на Општинската организација на Црвен крст Велес по повод Денот на крводарителството 17



Март, КОД доби посебна благодарница. Освен во акции за доброволно дарување на крв, припадниците на Армијата од КОД редовно се вклучуваат и во хуманитарни акции за поддршка на социјално ранливи категории на семејства и ученици, за што исто така им беше искажана посебна благодарност.

А.Д.



# Комитети и работни тела во НАТО

Комитетите на НАТО претставуваат незаменлив дел од процесот на донесување одлуки на Алијансата, обезбедуваат рамка во која земјите членки можат да разменуваат информации за различни теми, да се консултираат едни со други и да донесуваат одлуки со консензус и заеднички договор во интерес на нациите

Во НАТО е формирана широка мрежа на комитети кои покриваат различни теми, почнувајќи од политички, воени, до технички или оперативни прашања. Дополнително, постојат и други форми на соработка, партнерство и дијалог (бордови, агенции, организации), кои ги поткрепуваат односите помеѓу НАТО и другите земји партнери на Алијансата. Припадници на постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите, присуствуваат на состаноците на комитетите што се одржуваат со персонал од Меѓународниот штаб и Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратешките команди на НАТО. Во оваа и во наредните неколку статии, продолжуваме со претставување на сите комитети и работни тела во НАТО. Конкретно, во овој текст, ќе бидат опфатени следните комитети: Воениот комитет, Комитетот за одбранбена политика и планирање, Комитетот на заменици и Политичкиот комитет.

**Главни тела за одлучување во НАТО**

**Воениот комитет (Military Committee - MC)** е воено тело во НАТО и едно од најстарите постојани тела после Северноатлантскиот совет. Двете тела биле воспоставени неколку месеци после формирањето на Алијансата. Воениот комитет е примарен извор на воените совети за потчинетите во структурата на НАТО и за потребите на цивилните тела, што е од големо значење за донесување одлуки на Северноатлантскиот совет и на Групата за нуклеарно планирање. Советите од овој комитет се бараат пред да се даде какво било одобрување за воена акција и, следствено на тоа, претставува основна алка помеѓу политичките процеси при донесувањето одлуки и воената структура на НАТО. Членовите на ова тело се среќаваат редовно, најмалку еднаш неделно на формални или неформални сесии на ниво на воени претставници и три пати годишно на ниво на шефови на одбраната (високите воени претставници од земјите членки на НАТО и цивилни претставници од Исланд, кои ги претставуваат своите шефови на одбраната). Со Комитетот претседава претседавач на Воениот комитет. Главната улога на Комитетот е да обезбеди консензус за воената политика и стратегија на Северноатлантскиот совет и за насоките на стратешките команданти на НАТО. Совети од Воениот комитет се бараат пред финално овластување од страна на Северноатлантскиот совет за понатамошни воени активности. Телото претставува есенцијална врска помеѓу политичките процеси при донесувањето одлуки и воената командна структура на НАТО и е составен дел на процесот на донесување одлуки на Алијансата. Воениот комитет е одговорен за преведување на политичката одлука во воени насоки на НАТО, кои се однесуваат на стратешките команданти: врховниот сојузнички командант за операции и врховниот сојузнички командант за трансформација (Supreme Allied Commander Operations and Supreme Allied Commander Transformation).

Комитетот за одбранбена политика и планирање (Defence Policy and Planning Committee - DPPC) е високо советодавно тело на Северноатлантскиот совет за одбранбени прашања кои се однесуваат на сите сојузници, со инволвираност на одбранбените аспекти на партнерството.

Тоа е еден од клучните комитети во кој претставници се советници за одбрана од сите национални делегации. Комитетот се занимава со широк спектар на прашања како што се: трансформација, одбранбени способности, реформи, заедничко финансирање, како и други прашања, а во засилен формат (DPPC[R]) управува со Процесот на планирање на одбраната на НАТО. Целта на процесот на одбранбено планирање на НАТО е да обезбеди рамка во која националните активности и активностите за одбранбено планирање на Алијансата може да се усогласат за да им овозможат на сојузниците да ги обезбедат потребните сили и способности на најефикасен начин. Тоа треба да го олесни навременото идентификување, развој и испорака на потребниот опсег на сили кои се интероперабилни и соодветно подготвени, опремени, обучени и поддржани (воени и невоени способности), за преземање на целосниот спектар мисии на Алијансата. Процесот обезбедува рамка во која сојузниците ги усогласуваат своите национални одбранбени планови со оние на НАТО, без да го загрозат нивниот национален суверенитет. Процесот на одбранбено планирање ги распределува барањата за секој сојузник како цели за способности, го олеснува нивното спроведување и редовно го проценува напредокот. Претседавањето е флексибилно во зависност од темите што се дискутираат. Постојан претседавач на Комитетот за одбранбена политика и планирање е помошник-генерален секретар за одбранбена политика и планирање, а во засилен формат со него претседава заменик-генералниот секретар на НАТО. Комитетот за планирање на одбраната е крајниот авторитет за сите прашања поврзани со интегрираната воена структура, а бил формиран после Министерскиот состанок на Северноатлантскиот совет во Отава во мај 1963 година. По повлекувањето на Франција од интегрираната воена команда, на Комитетот за планирање на одбраната му е доделен поголем мандат над интегрираната воена команда и го добил истото ниво на авторитет како Северноатлантскиот совет и Групата за нуклеарно планирање за прашања. Овој комитет се нарекува Defence Policy and Planning Committee, поради реформата на Комитетот во јуни 2010 г., со што ги заменил Executive Working Group и Defence Review Committee. Комитетот нема подредени комитети под негова надлежност.





**Комитетот на заменици (Deputies Committee - DPRC)** се занимава со меѓусекторски прашања за стратешка и политичка контрола по области, како и со политиката за човечки ресурси и решавањето на прашања за кои нема консензус и не може да се постигне во надлежниот комитет. Како што кажува и самото име, Комитетот е составен од заменици на постојаните претставници од секоја земја членка на НАТО. Формиран е во 2010 година како наследник на Senior Political Committee. Комитетот одговара директно пред Северноатлантскиот совет. Политичкиот комитет (Political Committee - PC) врши размена на информации и процени за политичките и регионалните случувања од интерес на сојузниците. Тој им помага на Северноатлантскиот совет и на генералниот секретар со преземање на сите неопходни и подготвителни работи во извршувањето на нивните одговорности за политички консултации. Политичкиот комитет е основан во надлежност на Северноатлантскиот совет, главното тело за донесување политички одлуки на НАТО и се состои од претставници од секоја делегација. Со Комитетот претседава помошникот-генерален секретар за политички прашања и безбедносна политика и е поддржан од Одделот за политички прашања и безбедносна политика. Првично бил основан во 1957 г. под името Комитет за политички советници, со цел да се делува надвор од воените области на соработка. Намерата била да се вклучи невоената соработка и да се охрабрат редовните политички консултации помеѓу сојузниците за да се зајакне единството и кохезијата. Усвојувањето на политичките консултации, како клучна компонента на Алијансата, трајно го карактеризира НАТО како политичка и воена организација. Во 2010 година, како резултат на реформите, Политичкиот комитет бил распуштен, а неговите надлежности биле префрлени на Политичкиот и на Партнерски комитет. Во јули 2014 г. Северноатлантскиот совет одлучил да го врати Политичкиот комитет како форум на кој ќе се дискутираат и ќе се разменуваат информации за политичките и регионалните настани и случувања кои се од интерес за сојузниците.

Драган Павловски




# Кога разузнавањето ќе потфрли

Нападот, извршен на 22 март 2024 г. во московската Концертна сала „Крокус сити хол“, од страна на терористичката организација „ИД-К“, во кој загинаа повеќе од 140 лица, а 300 беа повредени, ги потсети руските власти на исламистичката закана за Русија од Авганистанската војна и војните во Чеченија. Тешко е да се објасни како сторителите можеле да извршат таква обемна акција којашто одзела толку многу животи, имајќи предвид дека САД го предупреди Кремљ неколку недели претходно за можен терористички напад

Кои се можните геополитички последици од овој напад? Зошто Русија беше целта? Како овој напад ги истакнува недостатоците на руските разузнавачки служби? Кратко по нападот во московската Концертна сала „Крокус сити хол“, ноќта на 22 март, одговорноста за нападот ја презеде огранок на т.н. „Исламска држава“ – „Корасан“ (ИД-К). Соопштението беше објавено од страна на новинската агенција „Амак“, блиска до ИД, преку платформата „Телеграм“. Огранокот „ИД-К“ важи за еден од најнасилните филијали на терористичката организација „Исламска држава“. Транснационалната терористичка група од 2015 г. има убиено илјадници луѓе при напади во Авганистан и во Пакистан. Името на групата потекнува од „Корасан“, антички назив за регион кој опфаќа делови од Иран, Туркменистан и Авганистан, иако нивните активности се одвиваат и надвор од овие граници. „ИД-К“ е формирана во 2014 г. од страна на поранешни членови на Талибанците и на „Ал Каеда“ во Пакистан и во Авганистан. Целта им е да формираат глобален калифат кој би се управувал според нивната милитантна интерпретација на исламот. Пред да биде преземена власта во Авганистан од страна на Талибанците во 2021 г. и настанатиот безбедносен вакуум по повлекувањето на САД, групата имаше можност за реорганизација, за формирање на нови кампови за обуки и за глобално вмрежување. Талибанците не можат да ја спречат оваа организација и нападите на „ИД-К“ во Авганистан се чести, а групи, како „Ал Каеда“ и ИД, преку нивните врски со членовите на Талибанците беа во можност да дојдат до софистицирано оружје на НАТО, останато од западните сили кои се повлекоа од земјата, која поради недостиг на безбедносна контрола, повторно е сигурно засолниште за терористичките организации. Изминатиов период групата повторно се зацврсна, а активностите ги насочи кон Русија. Во март, американските тајни служби посочија дека групата е активна во Русија и дека има планови за напад во Москва. Руската безбедносна служба соопшти дека на 7 март спречила вооружен напад на групата врз синагога во регионот Калуга, во близина на Москва. Мотив за терористичкиот напад во Русија може да биде и руската интервенција во Граѓанската војна во Сирија. Москва го поддржуваше сирискиот претседател Башар ал Асад и вршеше напади врз позиции



на ИД. Пропагандата на ИД против Русија се однесува и на историскиот период на советската инвазија во Авганистан, кој од 1979 до 1989 г. беше под советска окупација. Меѓутоа, ИД-К има обиди да изврши терористички напади и во Германија. Германската полиција изминативе години уапси повеќе привзаници на ИД-К, а во март оваа година беа уапсени две лица во покраината Северна Рајна Вестфалија, со обвинение дека планирале напад врз шведскиот Парламент. Во 2023 г., исто така во Вестфалија, беа уапсени седум членови на терористичка ќелија блиска до ИД, за кои постои сомневање дека планирале изведување напади во Германија. Според обвинителството, уапсените потекнуваат од Таџикистан, Киргистан и Туркменистан и се на возраст од 20 до 45 години. Во 2022 г., по почетокот на руската агресорска војна против Украина, допатувале во Германија и се здружиле во терористичка ќелија со намера во земјата да извршат напади во духот на ИД. Осомничените имале потенцијални објекти како цел, а направиле и обиди за набавка на оружје.

За време на војната во Авганистан (1979 - 1989), Русија војуваше против авганистанските муџахедини вооружени од САД, за дел од нив подоцна да се приклучат на терористичката orгaзнизација „Ал Каеда“. Следни се чеченските војни (1996 и 2000 г.), каде што чеченскиот национализам се трансформираше во кавкаски милитантен исламизам насочен против Русија. Во Сирија, Русија се судри со ИД, повлекувањето на САД од Авганистан предизвика војна помеѓу Талибанците и ИД, а релативно добрите односи на Москва со Талибанците направија Русија да стане цел на напади. Нападите врз театарот „Дубровка“ во 2002 г. со над 150 мртви, нападот врз училиштето во Беслан во 2004 г. со 334 мртви, од кои 186 беа деца, беше резултат на Првата чеченска војна. Редовно имаше терористичките напади и на аеродромите и во метрото во Москва и во Санкт Петербург, со десетици смртни случаи. Последниот напад организиран од ИД во септември 2022 г. беше насочен кон Руската амбасада во Кабул, при што загинаа десет лица. Од страна на тајните служби, процената од ризик за извршување на терористички напади постојано се ажурира но, мошне е тешко, и покрај предупредувачките знаци, да се предвиди денот, времето и местото на нападот. Веројатно и руската служба го прави тоа, но војната во Украина до максимум ги исцрпува нивните капацитети и ги зголемува нивните ангажирања. Како и да е, нема оправдување за неуспехот на руското разузнавање, што беше причина да има над 140 жртви. Западните сојузници покажаа солидарност со давањето информации, кои од страна на Москва беа отфрлени, за подоцна, рускиот претседател да признае дека извршители на нападот се милитанти од ИД, а особено по изјавите на ИД-К, кои ја презедоа одговорноста за терористичката акција. Сведоци сме дека руските разузнавачко-безбедносни служби се жестоки и ефикасни во приведувањето на противниците на власта, но се неспособни да го заштитат сопственото население од терористички напади, што го покренува прашањето за нивните цели, за начинот на искористување на разузнавачките ресурси и насоките за собирање разузнавачки информации. Најсилната Руска федерална служба – ФСБ, наследничка на КГБ од ерата на СССР, е преокупирана со попречување на операциите на непријателските странски разузнавачки агенции, конфликтот со Украина и потрагата по политички неистомисленици. Преку своите агресивни методи, службата го зголемува притисокот врз локалното население кое се повлекува па, така, понекогаш разузнавањето нема да ги добие критичните потребни информации за можен терористички напад. Едноставно е објаснувањето зошто руските разузнавачко-безбедносни служби ги занемарија другите закани, вклучително и онаа од милитантните исламисти на ИД-К. Сепак, факт е дека ниту една држава не може да остане целосно имуна на заканата од тероризмот, без разлика колку интензивно работат разузнавачките служби. Терористичкиот напад во Москва докажа дека државата не е подготвена да му обезбеди на рускиот народ стабилност и безбедност. Четворица од приведените во врска со нападот се обвинети за тероризам, а руските пратеници повикуваат за повторно воведување на смртната казна. Начинот на кој бил извршен нападот и бегството од лице-место, е доказ за претходно добро испланирано



извидување на местото и околината. Руските медиуми објавија снимка од видеонадзорот, што потврдува дека вооружените напаѓачи и претходно го посетувале местото. На 7 март Американската амбасада во Москва објави безбедносно предупредување, нагласувајќи дека постојат индиции за можни напади на собири во Москва, вклучително и концерти. На 19 март, три дена пред терористичкиот напад, Путин одржа говор пред одговорните лица на ФСБ во кој ги отфрли предупредувања на Западот за можен терористички чин. Руското разузнавање очигледно дека е премногу зафатено и фокусирано на елиминирање на политичките и на другите закани насочени против руската влада. Тие го игнорираа настанот на 2 март во Јужна Русија, кога специјалните руски сили убиле шест вооружени лица кои ги идентификувале како членови на ИД. На 7 март ФСБ соопшти дека спречила напад врз синагога во Москва, кој бил испланиран од ќелија на ИД и дека напаѓачите биле убиени во престрелка. Овие настани кај секоја сериозна разузнавачка служба ќе значат предупредување на највисоко ниво. Но, за руското раузнавање не беше доволен фактот што безбедносните служби се справуваат со мрежа и филијали на ИД низ Русија, мрежа која е способна да набави оружје и да дава силен отпор против специјалните сили. Не се знае точно дали, можеби, тајните служби имале информации, но не биле во можност да го спречат нападот навреме. По нападите на ИД-К врз Руската амбасада во Кабул во 2022 г., беше јасно дека терористичката организација е насочена кон Русија.
По секој извршен терористички напад, секогаш се поставува прашањето зошто не е навремено откриен и спречен, а во конкретниов случај се работи за непреземање на мерки, и покрај предупредувањето од САД. Јасно беше ставено на знаење дека САД, директно ја споделила оваа информација со руските власти, во согласност со нејзината долгогодишна политика на должност за предупредување. Специфично за овој случај е што предупредувањето на 7 март од страна на САД до сопствените граѓани беше невообичаено, во смисла дека екстремисти имаат непосредни планови да таргетираат големи собири во Москва и конкретно концерти. Граѓаните на Москва беа предупредени да избегнуваат големи собири во наредните 48 часа. Времето на извршување на нападот не се совпадна, но другите детали очигледно биле точни. Јасно е дека разузнавачката заедница на САД дошла до некаков вид на разузнавачки информации поврзани со ИД. Неколку дена пред нападот и Техеран сподели информации со



Москва за можен голем терористички напад во Русија, добиени за време на испрашувањата на уапсените кои ги изведоа смртоносните бомбашки напади во Иран.
Колку е блиска разузнавачката соработка на полето на меѓународниот тероризам? Во основа, кога ќе дознаат, државите секогаш меѓусебно се предупредуваат за претстојните или за планираните терористички напади преку нивните тајни служби. Тоа се случуваше и во минатото, во соработка со руските тајни служби. Но, очигледно е дека оваа соработка е прекината поради војната помеѓу Русија и Украина. Дека групите како филијалата на „Исламска држава“ – „Корасан“, не познаваат националните граници – претставува доказ за неодамнешните напади во Русија, во Иран и во Авганистан. Во таа смисла, за јавната безбедност, од клучно значење е оние кои ја следат нејзината работа во различни земји, исто така, да работат заедно. Помеѓу западните разузнавачки служби, информациите постојано се разменуваат, дојавите се пренесуваат, а потоа се обработуваат од надлежните истражни органи. Американските тајни служби се повикуваат на Директивата „Должност за предупредување“ од Законот за тајните служби од 1947 г. и на Декретот на претседателот Роналд Реган од 1981 г. За да може да се спречат терористички напади, потребен е навистина добар и ефикасен систем за споделување и собирање разузнавачки информации. Агенцијата која е првенствено одговорна за борбата против тероризмот во Русија се нарекува Втора служба, огранок на Федералната служба за безбедност – ФСБ. Претходно, нејзин интерес беа милитантните исламистички организации, атентатори и домашни неонацистички групи. Со текот на времето, нејзиниот делокруг се зголеми во функција на следење на руските опозициски активисти, организации за правата на ЛГБТ, Јеховините сведоци и други критичари на руската влада, што ги оптоварува и ги троши ресурсите на службата.
Русија е еден од главните воени поддржувачи на противниците на ИД на Блискиот Исток, вклучувајќи го и сирискиот лидер Башар ал Асад, што ги прави руските интереси клучна цел на исламистичката екстремистичка група. Руските разузнавачки служби традиционално се фокусирани на домашните терористички закани кои произлегуваат од сепаратистичките и верските екстремистички групи во рускиот регион Северен Кавказ. Големите терористички напади на руската територија, кои им се препишуваат на меѓународните групи како ИД или „Ал Каеда“, се ретки, а домашните безбедносни служби во земјата имаат помало искуство во следењето на тие закани и се помалку вешти да навлезат во централноазиските екстремистички ќелии. Сепак, западните експерти за безбедност и антитероризам нагласуваат дека, дури и во најдобри околности, со многу специфични информации и добро поткрепени безбедносни служби, мошне е тешко да се спречат тајните меѓународни терористички заговори. Неуспехот кај разузнавањето во нападите во Москва најверојатно е резултат на комбинација од повеќе фактори, меѓу кои најважни се големата недоверба, како во рамките на рускиот безбедносен естаблишмент така и во нејзините односи со другите глобални разузнавачки агенции, вклучувајќи го тука и заморот, особено после постојаната будност во периодот пред неодамнешните претседателски избори во Русија.

д-р Ненад Танески



# Жените-лидери како сила за спречување конфликти

Џошуа Шварц од Карнеги Мелон и Кристофер Блер од Принстон тврдат дека, иако, главно, жените можеби повеќе се пацифисти од мажите, жените-лидери се соочуваат со силни политички мотиви да бидат повоинствени. Поради родовата дискриминација, жените-политичарки често раководат како „железни дами“ наместо како миротворци и не тежнеат да се воспостави мир со странските противници

Последниве години целиот свет е сведок на насилни конфликти: руската инвазија на Украина, која е најголемата војна во Европа после Втората светска војна, заземањето на спорната територија на Нагорно Карабах од страна на Азербејџан, војната на Тигра во Етиопија и војната помеѓу Израел и Хамас. Бројот на конфликти и последиците се огромни. Овој тренд може и да се зголеми, бидејќи конкуренцијата помеѓу САД и Кина е сè поголема, а климатските промени негативно влијаат на конфликтите. Сепак, останува фактот дека, речиси сите земји кои денес влегуваат во војни, се предводени од мажи. Токму затоа се поставува и прашањето: Дали, ако се постават повеќе жени на лидерски позиции, ќе може да се избегнат ваквите конфликти? Во тој контекст, многу креатори на политики, академици, бизнис-лидери и познати личности веруваат дека одговорот на ова прашање е „да“. Поранешниот претседател САД, Обама, во една прилика има изјавено: „Жените-извршни директори, неспорно се подобри од мажите и со повеќе жени-лидери на високи политички функции ширум светот ќе има помалку војни“. Во една истакната книга за тоа зошто насилството се намалува со текот на времето, еден психолог од Харвард, Стивен Пинкер, вели: „Низ историјата, жените отсекогаш биле и ќе бидат сила на помирување. Традиционалната војна е ‘машка игра’“. Поранешниот главен оперативен директор на Мета, Шерил Сандберг, исто така, вели: „Ниту една земја, управувана од жени, никогаш нема да влезе во војна “. За жал, истражувањето кое е дел од овој напис, покажува дека овој оптимизам треба да биде сфатен со доза на скептицизам. Имено, поради родовата дискриминација со која се соочуваат жените-лидери во американската јавност, тие се политички стимулирани да се претставаат себеси како „железни дами“ наместо како миротворци и да избегнуваат мир со странските противници.

**Родовите стереотипи и надворешната политика**

Јавните анкети постојано укажуваат на родовиот јаз во поддршката за употреба на сила во странство. Без разлика дали поради социјализација или био-еволутивни фактори, жените кои се дел од јавниот живот обично сакаат мир, а тоа поттикнува надеж дека светот со повеќе жени лидери ќе биде помирен. Сепак, родовите стереотипи дека жените се повеќе склони кон мир, а се помалку компетентни и посветени во областа на националната безбедност , односно создаваат динамика што на жените-лидери им дава политички стимулации да „постапуваат цврсто“ во надворешните работи. На пример, Џералдин Фераро, единствената жена демократски кандидат за потпретседател пред Камала Харис, била прашана на потпретседателската дебата во 1984 дали таа мисли дека Советите би можеле да дојдат во искушение и да се обидат да ја искористат неа, едноставно затоа што таа е жена. Слични вакви прашања имаше за време на целата нејзина кампања. Дополнително, се поставуваа прашања дали Фераро е доволно силна да го притисне „нуклеарното копче“. Иако тоа е пред речиси 40 години, а Харис не се соочи со толку отворено сексистички прашања за нејзините надворешнополитички акредитации за време на кампањата во 2020 г., анкетите направени во 2008, во 2018 и во 2020 г. продолжуваат да покажуваат дека многу Американци сè уште веруваат дека мажите се подобро подготвени од жените да се справат со прашањата поврзани со националната безбедност. Но, овде не спаѓаат само САД. Во повеќе од 80 земји анкетите откриваат предности на идејата за машко лидерство за време на закана. Овие ставови се вкоренети во родовите стереотипи дека жените се послаб пол и се попасивни, додека мажите се силни и агресивни. Следствено на ова, дури ако жените-лидери сакаат да воспостават мир, тие се соочуваат со политички пречки во борбата против родовите стереотипни очекувања дека се слаби. Затоа, не е изненадување што има „железни дами“ низ историјата, како што се Маргарет Тачер и Голда Меир, па и Индира Ганди и Тансу Чилер. Во САД овие жени, креатори на надворешна политика, се Медлин Олбрајт, Џин Киркпатрик, Кондолиза Рајс и Хилари Клинтон, кои често се залагаа за поагресивна надворешна политика од нивните колеги-мажи. Таква жена е и Ники Хејли, која на сличен начин усвои појака надворешна политичка платформа од нејзините машки конкуренти за време на неодамнешните републикански претседателски прелиминарни избори. Истражувањето,




кое е дел од овој напис, укажува на три специфични стимулации што жените-извршни директори треба да ги следат во однос на релативно тврдокорните политики: *да избегнуваат да бараат мир, да бидат агресивни и да не се повлекуваат.*

**1. Избегнувајте да барате мир!**
„Само Никсон можеше да оди во Кина“. Логиката на оваа поговорка е дека од домашна политичка перспектива е потешко, за лидерите од типот на гулаби да бараат мир со странските противници отколку јастребите како Никсон да го сторат тоа. Јавноста се прашува дали водачите гулаби бараат мир затоа што тоа е навистина во национален интерес или едноставно затоа што тие се идеолошки наклонети кон помирување. Анкетата спроведена во американската јавност покажува дека е би тешко за една жена лидер (метафорично) „да оди во Кина“. Во овој контекст, во август 2021 г. е направен и национален репрезентативен анкетен експеримент кој ги запознава испитаниците со хипотетичко сценарио поставено во 2027 г. кое вклучува зголемени тензии меѓу САД и Кина. Потоа по случаен избор е менувано прашањето дали претседателот е маж или жена и дали претседателот избрал да продолжи да се приближува со Кина. Резултатите од ова се навистина интересни. Имено, жените-лидери добиле 11% поени повеќе од мажите-лидери за спроведување идентична политика за помирување со Кина. Дискриминацијата со која се соочуваат жените-лидери поради обидот за зближување, на прво место ги дестимулира од стремежот за мир и го ограничува степенот до кој тие можат ефективно да ги извршуваат своите агенди за надворешна политика на функцијата.  Исто така, и доказите од реалниот свет од поранешните доверливи интервјуа, познати како „Авганистански





документи“, исто така ја илустрираат оваа динамика. Барнет Рубин, вишиот советник на специјалниот претставник за Авганистан и Пакистан во администрацијата на Обама го забележал следново за тогашната државна секретарка Хилари Клинтон: „Таа не сакаше да продолжи со мирно решавање на конфликтот со Талибанцит…. Ако сакате да бидете првата жена-претседател, не треба да постојат сомнежи дека не сте најјаката/најцврстата личност за националната безбедност“.

**2.Бидете агресивни !** Спротивно на тоа што жените-лидери имаат политички способности да го избегнат мирот, фактот дека, тие, исто така, имаат политички мотиви да дејствуваат строго за време на меѓународни кризи. Поточно, истражувањето покажува дека американската јавност повеќе ги поддржува воените закани што ги упатуваат жените-лидери отколку идентичните закани од машките лидери. Како доказ за ова, во истражувањето се наведува друг национален репрезентативен анкетен експеримент, спроведен во 2019 година. На учесниците им е претставено хипотетичко сценарио кое вклучува инвазија на странска земја. Повторно, сосем случајно, се менува прашањето дали американскиот претседател е маж ии жена, дополнително на осеновното прашање, дали претседателот упатил воена закана за да ги потисне напаѓачите и дали претседателот ја следел заканата. И овде резултатите се впечатливи: жените-претседателки добиваат околу 14 проценти помалку поени од мажите-лидери за идентични воени закани. Ова укажува на тоа дека жените-лидери имаат политички способности да бидат наметливи и воинствени во меѓународните кризи, а не во мирот.

**3. Не се повлекувајте !** Во истиот експеримент опишан погоре, се покажува дека жените-лидери се нееднакво казнети доколку дејствуваат неконзистентно и се повлекуваат од заканите што претходно ги упатиле. Неодобрувањето е за околу 20 проценти поголемо кај американската јавност, кога жените-извршни директори упатуваат закани и се повлекуваат, отколку кога мажите-лидери ја преземаат истата акција. Оттука,повлекувањето ги активира родовите стереотипи за недоволна застапеност на жените за позицијата врховен командант, што ги потврдува штетните, стереотипни, погрешни перцепции за неспособноста на женската надворешна политика. Од негативна страна, пак, на жените-претседателки ќе им биде потешко да се повлечат од заканите, што би можело да го отежне деескалирањето на кризите. Позитивната страна е дека, ова, теоретски би требало да ги направи заканите на жената-претседател поверодостојни за странските непријатели, бидејќи е помала веројатноста таа да се повлече (поради страв од домашната реакција на гласачките места). Се разбира, ова се потпира на тоа што противниците ја разбираат оваа динамика и самите не веруваат во родовите стереотипи дека жените имаат поголема веројатност да се повлечат.

Оваа студија покажува дека зголеменото присуство на жените во извршните канцеларии ширум светот е важно и за мажите. Машките лидери се нееднакво казнети со жените доколку упатат закана и не успеат да ја поддржат кога странскиот лидер на кој им се заканува е жена. Ваквата динамика е очигледна, дури и во најмалите ситуации во училишниот двор, каде што „изгубивте од девојка“ е вообичаена навреда. Ако жените-лидери се казнети за повлекување, а мажите- лидери се казнети за повлекување против женските противници, тогаш поголемото женско лидерство, за жал, можеби нема да има драматичен смирувачки ефект како што веруваат многу оптимисти. Постојат многу причини да има жени-директори и крајно време е да заземеме цврст став против дискриминацијата и другите бариери за влезот на жените во политиката. За жал, поголемото женско лидерство веројатно нема да биде „лек“ за воспоставување на мир како што многумина се надеваат, сè додека сè уште постои родова дискриминација.




м-р Билјана Поповска
(за повеќе види на https://www.lawfaremedia.org/article/why-more-female-leaders-won-t-lead-to-more-peace)




# Под знамето на ОН

# По заминувањето на мировниците (2)

Мировните операции треба да се подготвуваат за транзиции уште од првиот ден. Мисиите се во трајна состојба на транзиција како последица на настаните на теренот, на односите со владата домаќин и политиката во Советот за безбедност

Со анализа на најширокиот можен опсег на индикатори за градење држава, генерално, може да се извлечат неколку заклучоци:

1. Индикаторите за градење на државата во најголем број се подобрени за време на распоредувањето на мировниците на ОН.

2. Повлекувањето на мировниците може да има и негативни и позитивни последици, во зависност од државното владеење и од земјата којашто се набљудува.

3. Резултатите, главно, се алармантни после завршувањето на операцијата.

Многу показатели за градење на државниот апарат не покажуваат никакви промени, а некои се и со негативен ефект по повлекувањето на мировниците, во споредба со периодот пред распоредување на мировниот персонал. Ова укажува на фактот дека градењето на државата и градењето на мирот честопати не се комплетираат со крајот на операцијата (можно е и уназадување). Затоа, меѓународната заедница би требало да го постави на минимум штетниот ефект од процесот на транзиција и повлекувањето на мировниците, но и подобро да го консолидира напредокот постигнат за време на мандатот на мировниците. Критично за заштита на придобивките од мировната операција е да се уочат дефицитарноста и зависностите на специфични области на владеење на државата и планирањето и поддршката на одржливиот развој на државниот апарат создаден, првично, поради присуството на агенциите на ОН и на мултилатералните институции. Резултатите од едно истражување покажуваат дека неколку показатели за функционирање на државните институции се подобруваат за време на распоредувањето на мировниците на ОН додека, пак, по повлекувањето на мировните сили, овие показатели може да бидат и негативни и позитивни, во зависност од индикаторот. На пример, забележани се позитивни трендови по завршувањето на мандатот на мировниците кои се однесуваат на показателите поврзани со бруто-домашниот производ (БДП), со земјоделското производство и со намалувањето на смртноста на доенчињата. Но, има и негативни трендови за неколку показатели за владеењето (организирање на слободни избори, граѓанските слободи и правата на жените), образовните процеси, јавната потрошувачка, трговијата и физичкиот интегритет. Мошне е важно да се напомене и тоа дека резултатите од градењето на државниот апарат зависат и од земјата домаќин. Кон овие заклучоци се додава и фактот дека миротворството е важно не само на национално, туку и на локално ниво, и дека постои голема разлика што се однесува на капацитетот на државата за градење на своите институции, карактеристично за многу земји во развој и земји во конфликт.

Со анализа на показателите на градењето на државата по завршувањето на мировната операција во одредени држави, во однос на состојбите пред и за време на операцијата, очигледни се значителни промени во резултатите на назначените индикатори.

Анализата на состојбите при градењето на државниот апарат во периодот на транзиција, со споредување на статусот на поединечни индикатори во тек на мировната мисија во земјата

| | ИНДИКАТОРИ | за време на операцијата | во тек на повлекувањето | по операцијата |
|---|---|---|---|---|
| Владеење | степен на демократија | зелена | сина | црвена |
| | авторитет на власта | зелена | сина | сина |
| | слободни избори | зелена | сина | црвена |
| | корупција | сина | сина | сина |
| | слобода на изразување | зелена | сина | црвена |
| | права на жените | зелена | сина | црвена |
| Здравство и образование | образование | зелена | зелена | црвена |
| | писменост | црвена | сина | црвена |
| | смртност на новороденчиња | црвена | зелена | црвена |
| | животен век | зелена | сина | сина |
| | имунизација | зелена | сина | сина |
| | смртност | црвена | сина | сина |
| Економија | БДП | зелена | црвена | зелена |
| | степен на вработеност | црвена | сина | сина |
| | јавна потрошувачка | зелена | сина | црвена |
| | земјоделско производство | зелена | црвена | зелена |
| | ограничувања | сина | сина | сина |
| | трговија | сина | зелена | црвена |
| Безбедност | владеење на правото | сина | сина | сина |
| | воен персонал | зелена | сина | сина |
| | физички интегритет | зелена | зелена | црвена |
| | конфликтност | црвена | сина | сина |

Податоците прикажани во табелата се од истражувања од страна на „Polity IV“, „Freedom House“ и меѓународен тим на Varieties of Democracy (V-Dem), во земји кои го завршиле периодот на транзиција по завршувањето на мировната операција во Хаити, Источен Тимор, Дарфур и Либерија. Статусите се означени со зелена боја за подобрување, со сина боја за стагнирање и со црвена боја за влошување на процесите.

домаќин, како и по завршувањето на операцијата, може во голема мера да придонесе при определувањето и усогласувањето на приоритетите на процесот на градење на државата и да се поттикне националната сопственост на важните иницијативи. Дополнително, анализата го олеснува и процесот на определување на меѓународни партнери и планирањето на ресурси за продолжување на процесите во земјата домаќин, кои ги отсликуваат состојбите низ статусот на индикаторите кои се анализираат.

Врз основа на резултатите од истражувањата спроведени од страна на шведскиот универзитет за одбрана и „Folke Bernadotte Academy“ од Шведска, на 16 мировни операции на ОН се изведени заклучоци кои покажуваат дека придобивките од градењето на државата во областите управување, економија, здравство и образование, честопати не можат да се одржат на истото ниво и после заминувањето на мировните операции.

Како резултат на направените истражувања и сумираните наоди, елаборирани се и одредени заклучоци кои веќе се применуваат во плановите на меѓународната политика во однос на определувањето мандати на мировни мисии:

- завршувањето на мировната операција е процес што се одвива постепено и не би требало да се планира како единствен настан. Добро планираните транзиции се поуспешни ако се постигнат со последователни аранжмани, без разлика дали од ОН или од регионалните иницијативи.

- потребни се одржливи стратегии за излез од мисијата и интегрирани транзиции на општествата, со цел зачувување на успесите на мировниците. Истражувањата покажале дека за време на распоредувањето на „Сините шлемови“, многу показатели за градење на државата и државниот капацитет се подобруваат, вклучително и демократското управување и авторитетот на државните органи, човековите права и слободи, образованието, индикаторите во областа на здравството, БДП, трговијата, земјоделското производство, физичкиот интегритет и намалувањето на конфликтот, иако овие трендови можат да се променат долгорочно по повлекувањето на мировните сили. Навременото планирање и напредниот интегриран пристап може да помогне да се намалат некои од негативните трендови по завршувањето на мировната операција;

- постојаната и јасна комуникација за планирањето на транзицијата, како дел од стратегискиот план на мировната мисија, е клучна за успешноста при понатамошното примопредавање на управувањето со процесите понатаму. Транзициите истовремено се и предизвик за мировните операции во контекст на финансирањето на локалната економија. Мировните операции се потпираат на правилно и планирано финансирање на престојот на „Сините шлемови“, додека многу од активностите преземени од агенциите се потпираат на доброволно финансирање. Императив е меѓународната заедница да ги разбира тековните барања за финансирање кога станува збор за градење мир за време на транзицијата на мисијата, што може да условува повторно усогласување на меѓународното финансирање од донатори за поддршка на различни активности што почнуваат да се зголемуваат за време на заминувањето на мисијата;



- не постои транзициски план што се применува за секоја мировна операција, од причина што промената на динамиката на транзициските процеси, на локално ниво, може да бара поголема флексибилност во текот на процесот на транзиција. Секое завршување на мировната операција и секој почеток на транзицискиот процес е мотивирано и содржи различни фактори, а продолжувањето на градењето на државниот апарат по заминувањето на мировните сили, во голема мера зависи од поединечниот индикатор и од земјата која се анализира;

- претстојните транзиции во Демократска Република Конго (MO-NUSCO) и во Мали (со евентуалниот крај на MINUSMA), се поставени во контекст на тековните нестабилни и безбедносни предизвици, особено во однос на заштитата на цивилите. Која било планирана излезна стратегија ќе треба да опфаќа почитување на тековните околности, ќе треба да се приспособи на променливите владини, економски и безбедносни состојби и да се фокусира на зајакнување на националната сопственост во однос на заштитата на цивилите. Искуствата од овој пример ќе бидат применувани и во наредните планови за идни транзиции на општествата после завршувањето на мировната операција;

- продолжувањето на процесите на градење на државните институции преземени од владата на земјата домаќин после завршувањето на мировната операција треба да биде применето на повеќе нивоа: на меѓународно, на национално и на индивидуално ниво. По завршувањето на мировната мисија UNMIL во Либерија во 2018 година, владата на Либерија била потпомогната од агенции на ООН, од регионалните организации, од трети земји и од релевантни домашни актери. Со анализа на економските показатели по завршувањето на мисијата UNMIL бил регистриран негативен тренд на економската ситуација во земјата, особено за гранки на економијата кои зависат од активностите на мировната операција. Со анализите се покажало дека динамиката на транзиција на економијата на локално ниво била многу важна за транзицијата на економијата на земјата и за замената на мировниците во тие процеси со локален и со регионален стручно оспособен персонал. Во надминувањето на овие недостатоци важна улога одиграле невладините организации. Подобрувањето на отпорноста и на помошта во напорите за намалување на потешкотиите што ги наметнува транзицијата, се клучни компоненти за обезбедување на долгорочна одржливост на земјата домаќин и на нејзините напори за зачувување на



мирот и градење на државата.

Целта на ефективната транзиција со мировна операција е пренесување на одговорностите на националните власти и „градење еластичност“. Важно е да се планира постепено пренесување на одговорностите на локалните партнери, така што завршувањето на мировната мисија нема да се случува одеднаш. Сепак, ова не може секогаш да се планира и затоа мировниците би требало да бидат подготвени за брзо повлекување доколку околностите на теренот или во седиштето на ООН се променат и резултираат во „непланирана транзиција“.

Исто така, планерите на мировните мисии би требало да бидат подготвени и за справување со „непланирани транзиции“. Низ историјата на миротворството се забележани ситуации во кои од страна на владата на земјата домаќин било побарано мировниците да си заминат или, пак, кога мандатот на мировната мисија не е обновен или неочекувано мировната операција е прекината од страна на Советот за безбедност (СБ) на ОН. Ваквите сценарија можат да претставуваат неочекувани предизвици за мисиите кои, доколку не бидат разгледани и предвидени, може да ја влошат ситуацијата на теренот. Неопходно е тимот, којшто ја предводи мировната операција, да дејствува во насока да се избегнат вакви ситуации, но со оглед на тоа што миротворците делуваат со согласност на страните во конфликтот и со овластување од СБ, сето ова треба да се разгледа уште при планирањето различни сценарија за планирање на непредвидени ситуации.

Како заклучок за крај, треба да се истакне дека е неопходно мировните операции да се подготвуваат за транзиции уште од првиот ден. Мисиите се во трајна состојба на транзиција како последица на настаните на теренот, на односите со владата домаќин и политиката во СБ. Лидерскиот тим на мисијата би требало да обезбеди задржување на фокусот на политичките решенија во операцијата, бидејќи тие можат да бидат еден од најефикасните механизми за управување со програмата за транзиција и со распоредот на мисијата. Потребна е и координација и комуникација со други меѓународни чинители и донатори заради поддршка на заедничката визија за градење мир во земјата.

М.С.






# Жените во сајбер-безбедноста „Часовникот отчукува - време е“

Стереотипите и предрасудите за улогата на жените во секторот безбедност, кој долго време беше екслузивно право само на машкиот дел од популацијата, сè повеќе се надминуваат. Редовно ги следиме промените на планот на родовата еднаквост во овој сектор и со секој нов напис констатираме дека традиционално машките институции, како Армијата, Министерството за одбрана, Полицијата, Министерството за внатрешни работи, институциите поврзани со разузнавањето, веќе ги имаат отстрането повеќето пречки кои им стоеја на патот на квалификуваните жени да го пронајдат своето место во овој сектор на сите нивоа на професионален ангажман во овие институции.
На 8 април имавме можност да присуствуваме на исклучителен настан, организиран од страна на програмата на УСАИД „Сајбер-патеки за жените“ на CIDR, во соработка со Факултетот за безбедност во Скопје при УКЛО, кој се одржа на Факултетот за безбедност. „Сајбер-патеки за жени“ е активност на Програмата на УСАИД за дигитализација и отпорност на критичната инфраструктура, со цел да ѝ помогне на Северна Македонија да ги идентификува предизвиците за вклучување на жените и на нивната кариера за сајбер-безбедност и да ги намали или отстрани овие предизвици. Забрзувањето на учеството и придонесот на жените во сајбер-безбедноста во голема мера ќе го зголеми капацитетот што Северна Македонија може да го искористи за да изгради отпорност на сајбер-нападите на критичните институции. Настанот беше именуван како „Часовникот отчукува – време е“, а целта беше да се поттикне дијалог за родовите политики, за жените со професии во кои доминираат мажи и да инспирира повеќе жени да се вработуваат како експертки за сајбер-безбедност. На настанот беа присутни професионалци, гости, стручни панелисти, професори и студенти од Факултетот за безбедност, како и студенти од Факултетот за безбедност и кадетки од Центарот за обука на Полицијата. Водител и модератор на целиот настан беше м-р Лилјана Пецова-Илиеска, проектна менаџерка (CPW). Воведен збор имаа деканот на Факултетот за безбедност, проф. д-р Никола Дујовски и директорката на CIDR за Северна Македонија, Анита Никова-Бундовски, а свои излагања и видувања имаа Нели Рашовиќ од „Women4Cyber Montenegro“ од Црна Гора, Мимоза Богданоска-Јовановска, проф. д-р Устјана Речковска-Шикоска, проф. д-р Наташа Табаковска од Факултетот за технички науки, м-р Снежана Трајановска, директорката на Регионалниот центар МАРРИ - MARRI, Суза Трајковска, помошник-министерка на Центарот за обука во Скопје, Марина Малиш-Саздовска и проф. д-р Светлана Николоска од Факултетот за безбедност во Скопје“, потоа Елена Цуцулоска, Кристина Хаџи-Василева, м-р Афродита Муслиу од невладиниот сектор и други учесници.
Панелистките зборуваа на повеќе теми позрзани со сајбер-безбедноста и улогата на жените, а беа претставени и можностите за академско изучување на оваа проблематика во рамките на неколку предмети на Факултетот за безбедност. Дискусијата беше плодотворна и од неа произлегоа добри препорака за наредниот период. „Часовникот отчукува од неколку причини: да побрзаме да се заштитиме ‘онлајн“ и да се подготвиме со знаење и поголема свест за сајбер-безбедноста. Време е да се уште повеќе да се слушне гласот на жените во сајбер-безбедноста и во технологијата, поттикнувајќи поинклузивна и разновидна работна сила“, беа завршните зборови на водителката, м-р Лилјана Пецова-Илиеска.

Ж.Р.



# Израелско- арапската шестдневна војна или Јунската војна

Шестдневната војна, која е позната уште како и Јунска војна или Израелско-арапска војна од 1967 година, се водела помеѓу Египет, Јордан и Сирија од една страна и Израел од друга страна. За само шест дена Израел ги зазел појасот Газа и Синајскиот Полуостров од Египет, Западниот Брег и Источен Ерусалим од Јордан и Голанската Висорамнина од Сирија

Израел е во постојан конфликт со арапските соседи уште од своето основање во 1948 г. Истата година Израел ја водел првата војна против Арапите, која избувнала како резултат на долгогодишната нетрпеливост меѓу Евреите и Арапите, односно реакцијата на арапските земји на создавањето на државата Израел на територијата на Палестина. Војната започнала со напад врз Израел од страна на Арапската лига. Втората војна Израел ја водел како сојузник на Франција и Велика Британија против Египет во 1956 г., конфликт познат и како Суецка криза. Причина била национализацијата на Суецкиот Канал од страна на египетската влада. Конфликтот започнал на 29.10.1956 г. со напад на израелските сили, проследен со воздушни напади на британските и француските воздухопловни сили врз египетските аеродроми и со поморски и воздушни слетувања на британските и на француските единици. Конфликтот бил прекинат со акција на ООН. На избувнувањето на т.н. Шестдневна војна, големо влијание имала ситуацијата на Синајскиот Полуостров, односно израелското повлекување и стационирањето на силите на ОН на Полуостровот. Тензиите кулминирале во мај 1967 г., кога Египет побарал повлекување на „Сините шлемови“, повторно го окупирал пристаништето „Шарм ел Шејк“ и им забранил на израелските бродови да минуваат низ Тиранскиот Теснец. Со затворањето на овој премин, израелското пристаниште „Елиат“ било блокирано, а од 1956 г. Израел нагласил дека блокадата на преминот Тиран ќе ја смета за повод за војна. Потпишувањето на договорот меѓу Египет и Јордан за заедничка команда на армиите на овие земји, довело до конечна одлука да започне војната. Израелските разузнавачки служби ова го оцениле како напад на арапските сили врз Израел.

Во годините кои претходеле на војната, Египет, Јордан, Сирија и Ирак забрзано се подготвувале за војна со Израел. Нивните вооружени сили, со помош од СССР, биле бројно супериорни. Израел ја имал поддршката од САД и не се откажувал од идејата за корекција на границите т.е. за враќање на Ерусалим под нивна контрола. Подготовките за војната Израел ги започнал уште во 1963 г. Со компјутерска проверка на различни идеи за воени планови во компјутерскиот центар во Тулон, Франција, израелските експерти пресметале дека можат, со минимални сопствени загуби, да го уништат

арапскиот воен потенцијал, првенствено египетскиот, како најопасен противник, само доколку ја уништат авијацијата и оклопните сили со молскавичен напад на непријателските сили. Благодарение на „Мосад“, Израелците во 1966 г. го добиле најмодерниот арапски ловец „MiG-21F-13“. Тоа се случило на 16.8. 966 г., кога ирачкиот пилот Мунир Родфа, пребегал во Израел со „MiG-21F-13“. На овој начин, неполна година пред воениот конфликт со арапските земји, Израелците добиле можност да го проучат најмодерниот борбен авион на непријателот. Израелските извидувачки авиони ја извидувале египетската и сириската територија, особено аеродромите и ракетните локации. Лажните аеродроми, авиони и ракетни места лесно биле лоцирани од страна на израелските извидници. Било одлучено најпрвин да се уништи египетската авијација на земја, а потоа да се нападнат Сирија и Јордан, по што требало да се обезбеди непречена поддршка на сопствените копнени сили. За Египет тоа не бил поволен момент за војна, бидејќи во тој период имал распоредено околу 70.000 војници во Граѓанската војна во Јемен. На денот на нападот, 5. 6.1967 г., 120 авиони на израелските воздухопловни сили извршиле истовремен напад на 10 аеродроми во Египет. Израелските воздухопловни сили успеале да уништат над 300 египетски авиони, во три напади, во рок од три часа, со загуба на 19 авиони и 8 пилоти. Во текот на првиот ден, покрај египетските, биле бомбардирани и 13 сириски и јордански аеродроми. Речиси сите борбени авиони на земја биле уништени со минимални сопствени загуби. Вкупните загуби на арапските сили биле 469 авиони и хеликоптери, од кои 60 биле соборени во воздушна борба, 373 биле уништени на земја, додека останатите биле соборени со воздушна одбрана. Израел загубил 46 авиони и хеликоптери, од кои 12 во воздушните борби. Заслугата за овој успех на израелското Воено воздухопловство е добро испланираната и изведена измама за правецот и времето на нападот, летањето во мали групи, на мали височини, каде што противвоздушната одбрана била слаба, како и максималното користење на радиодезинформациите. По стекнувањето превласт во воздушниот простор, воздухопловните сили на Израел се концентрирале на обезбедување поддршка на своите копнени сили. Истиот ден израелските воени сили ги пробиле египетските линии и го окупирале подрачјето на Газа, а од другата страна пристигнале на 30 км од Суецкиот Канал. На третиот ден од војната, египетските сили се повлекле од Синајскиот Полуостров кон каналот, над кој Израел добил целосна контрола



веќе следниот ден. Сириското боиште во првите три дена било мирно, бидејќи во тој период Израел ги насочил своите сили на другите два фронта. Сепак, на четвртиот ден од војната, израелските сили започнале масовен напад за да ја заземат целата Голанска Висорамнина. На Источното бојно поле, Израелците ја потиснале јорданската војска и го окупирале стариот дел на Ерусалим. Истиот ден ги освоиле Наблус и Ариха, по што се упатиле на западниот брег на реката Јордан, со што завршиле борбите на Јордански дел од фронтот. До 10 јуни, кога војната била прекината со посредство на ООН, израелската армија ја презела контролата врз Синајскиот Полуостров, го окупирала Суецкиот Канал и ја контролирала Голанската Висорамнина. Исто така, со молскавична акција на своите воздушни и копнени сили, Израел го зазел и го анектирал стариот дел на Ерусалим, што претставувало апсолутна победа на израелската армија. Арапските земји имале 30.000 мртви и исчезнати војници, а околу 70% од целата воена опрема била уништена, особено авијацијата, која претрпела исклучително тешки загуби.

Во оваа шестдневна војна, Израел добил четири пати поголема територија од онаа во 1948 г., по првата Арапско-израелска војна. Имено, Израелците, после војната, под своја контрола имале 88.000 квадратни километри, во споредба со 20.250 пред почетокот на Војната. Значајно е да се истакне дека Израелските сили се доближиле до три арапски престолнини, на помалку од 50 километри од Аман, 60 километри од Дамаск и 110 км од Каиро. Освен половина милион палестински Арапи, уште еден милион Арапи потпаднале под израелска власт. Израел го анектирал Источен Ерусалим, каде на арапското население му бил понуден избор помеѓу израелското и јорданското државјанство, додека на Западниот Брег и на појасот Газа била воспоставена воена управа. Израел, исто така, ја објавил својата намера во тие области да ги врати еврејските жители кои биле протерани од своите домови во војната во 1948 година.

Во годините што следат, Сирија неуспешно се обидела да ја врати Голанската Висорамнина за време на Јомкипурската војна во 1973 година. Осум години потоа, Израел усвоил закон со кој, наместо воена, се воведува административна контрола над оваа област. Во 1979 г. Израел и Египет потпишале мировен договор со кој Израел се повлекол од Синајскиот Полуостров. Повлекувањето на израелските сили завршило во 1982 г. Според Договорот од Осло од 1993 г., конечниот статус на Западниот Брег требало да го договорат Израел и Палестинците, а според тој договор Израел ги повлекол своите воени единици од одредени делови на Западниот Брег. Договорот од Осло предвидувал постепен трансфер на власта во Палестина во појасот Газа. Во 2005 г. Израел, еднострано, без политички договор, ја повлече својата војска и израелските доселеници од појасот Газа. Напнатоста и тензиите меѓу Израелците и Арапите продолжиле и по шестдневната војна. Само шест години подоцна, во 1973 година, избувнала нова и уште поголема војна, Арапско-израелската војна, наречена Јомкипурска војна.

Оваа шестдневна војна претставува најголема победа во историјата на Израел, која радикално ја промени мапата на Блискиот Исток, а последиците од оваа војна влијаат на геополитичката ситуација во регионот до ден-денес, речиси шест децении по нејзиното завршување.

м-р Игор Дамјаноски



# Планинско војување (2)

## Влијанието на метеоролошките услови при планинското војување

Република Северна Македонија, според нејзината географска положба, е поблиску до екваторот отколку до Северниот Пол, бидејќи низ неа минуваат 41° и 42° напоредник од северната географска широчина. Северна Македонија има изменета средоземна клима, умерено-континентална и планинска клима, со просечна годишна температура од 11,50 степени Целзиусови. Јужниот дел од државата е со најмалку денови зафатени со мраз, додека северозападниот дел е со најголем број на денови зафатени со мраз. Облачноста е поголема во зимските месеци, отколку во летните месеци. Влажноста на воздухот е најголема во зимските месеци, со влажност од 84%, а најмала во летните месеци,со 57% влажност. Просечното количество на врнежи изнесува 680 мм, на секои 100 метри надморска височина. Количеството на врнежи се зголемува за 56 мм. Во месец ноември има најголемо количество на врнежи, додека август е најсушен месец, со најмало количество на врнежи. Дебелината на снежната покривка е најголема во северозападниот дел од државата, во реоните на планините Шар Планина, Бистра и Кораб, каде што може да достигне и дебелина од 2 м и се задржува до пролетните месеци, мај-јуни. На територијата на Северна Македонија дуваат и ветрови. Ветрови, коишто најмногу влијаат на климата се „вардарец", кој е сув и студен ветер и дува по течението на реката Вардар и „јужен ветер" („развигорец"), сув и топол ветер кој дува по Вардарската Долина. **Планинската клима** е карактеристична за оние планини кои имаат надморска височина поголема од 1000 м, со изразени врнежи во текот на есенските и зимските месеци, односно има и врнежи од снег. Според податоците од метеоролошките станици, просечната средна годишна температура на воздухот се движи од 5°C до 8°C. Најстуден месец е јануари. На планините во С. Македонија, просечното годишно количество на врнежи е над 1000 милиметри.

**Воена метеорологија.** Воеенометеоролошките тимови имаат цел да ги обезбедуваат командите и единиците со податоци за метеоролошката состојба и за метеоролошките услови на времето за претстојните два дена, во однос на тековниот ден во реонот на боиштето, поради планирање и ангажирање на единици и поради техниката што се применува при изведувањето на борбените операции. Метеоролошките услови директно влијаат врз ефикасноста на единиците и функционалноста и перформансите на техниката, на пример, при услови на магла не можат да се ангажираат извидувачки единици за набљудување на боиштето, изостанува воздухопловна поддршка во услови на појава на ниски

облаци, потоа при силни планински ветрови е отежнато слетувањето на хеликоптерите, додека во услови на интезивни врнежи на снег се отежнати маневарските способности на оклопната техника. Во книгите „FM 3-97.6 (90-6) Mountain operations“, „MCRP 3-35.1C Mountain leader's guide to mountain warfare operations“, „Appendix G Mountain leader weather data collection form“, е објаснета постапката за метеоролошката процена и прогноза на временските услови на терен, во случај да нема обучени метеоролошки тимови каде што можат да се оспособат војници кои, користејќи преносглив анероиден барометар, термометар, ветромер и мерач за влажност на воздухот, можат да добијат податоци за метеоролошката состојба на времето за неколку дена, бидејќи оваа метеоролошка процена е поврзана со воздушниот притисок, со температурата и со влажноста на воздухот. Воздушниот притисок на морската површина при 00С изнесува 760 мм и овој притисок опаѓа на секои 10 м висинска разлика за 1 мм на живиниот барометар. Зголемувањето на вредностите на барометарот покажува подобрување на временските услови, и обратно. Брзото зголемување или опаѓање на вредностите на барометарот за 5 до 6 мм најавува брзи промени и подобрувања на временските услови. Постепеното и долготрајното зголемување на вредностите на барометарот најавува стабилно и суво време, а наглите наизменични промени на барометарската скала најавуваат влошување на временската состојба, додека наглото опаѓање на барометарската скала во текот на еден ден најавува невреме со силен дожд или, во зима, обилни врнежи од снег и снежни бури. Особено значење за метеоролошката процена на времето се ниските облаци кои се појавуваат на висина пониска од 2000 метри. Овие облаци се нарекуваат „кумулуси“. Во категоријата на „кумулуси“ спаѓаат „стратокумулус“ , кој се состои од темни топчести облачиња во вид на грутки, а тоа предизвикува магла и слаб дожд. Облакот „стратус“ е со едноличен слој на облак, сличен на маглата и предизвикува дожд со променлива јачина; „нимбостратус“ е изразено темен облак со голема густина, што доведува до пороен дожд или до снег, и тоа подолг временски период; „кумулонимбус“ се јавува во вид на потковица со темна боја и доведува до невреме, предизвикувајќи мошне пороен дожд или снег. Надморската височина доведува до биоритмички промени во организмот на војниците, што бара одреден период на приспособување, каде што надморската височина, според нејзиното влијаније, се дели на: ниска



надморска височина, до 1500 м, која не предизвикува промени; средна надморска височина, од 1500 до 2400 м, што предизвикува лесна привремена болест од височини (планинска болест) и висока надморска височина од 2400 до 4200 мри, што доведува до појава на болести од височини и до опаѓање на психофизичките способности на војниците. Кога се работи за многу висока надморска височина, од 4200 до 5400 м, се јавува болест од височини, што доведува до губење на одредени психомоторни способности. При екстремно висока надморска височина, над 5400 м, може да се функционира само еден краток период, и тоа само оние војници кои добро се справуваат со климатските промени и со ваквите екстремни височини, односно се приспособуваат само оние војници коишто се во добра психофизичка состојба. Доколку војниците сакаат да постигнат добра психофизичка кондиција и ја имаат потребната приспособливост кон климата, каде што ангажирањата се изведуваат на поголема надморска височина од височината одредена за сместување и за преспивање на војниците, која треба да е за 300 до 500 метри пониска од теренот одреден за изведување на борбените активности. Во тој случај, војниците, двапати до трипати неделно треба да преспијат на повисока надморска височина, за да ја подобрат приспособливоста кон климатските промени и кон височините.

Планинската клима, метеоролошките услови и надморската височина, како основни карактеристики на планините, имаат негативно влијание врз војниците, опремата, вооружувањето и возилата, така што војниците при изведување на активности во планински услови, дневно трошат од 4000 до 6000 калории, па затоа се зголемува и потребата за квалитетна и висококалорична храна. Дневните потреби за вода изнесуваат околу 4 л вода при мирување и 6 л





при движење. Надморската височина го намалува апетитот и потребата за консумирање вода, а неправилната исхрана може да доведе до појава на симптоми на планинска болест, изнемоштеност, губење на тежина и до над 10 кг. Ограничените можности за логистичко снабдување бараат правилно менаџирање со расположивите есенцијални ресурси (вода, храна, муниција и гориво), според принципот „три третини“, каде што првите две третини, од кој било ресурс, војникот ги троши самоиницијативно, според лична процена, додека за последната третина го известува командирот, којшто одлучува, дава насоки и менаџира со начинот на трошење на ресурсите. Во однос на сознанијата за можностите на логистичко снабдување, треба да постојат стационарни и мобилни логистички станици за снабдување и можности за доставување (дотур) од копно и од воздух, бидејќи војниците и единиците во никој случај не смеат да останат на терен со целосно потрошени ресурси, особено да недостасува муниција и погонски горива. Планинскиот терен може да предизвика повеќе ризици и опасности, кои во голема мера влијаат врз животот и здравјето на војниците, предизвикувајќи најразлични неборбени повреди и болести: каснувањата од инсекти и змии-отровници, сончаница, топлотен удар, изгореници од сонце, удар од гром, дехидрирање, дијареа, најразлични механички повреди (исчашувања, скршеници, исекотини итн.), планинска болест, хипоксија, снежно слепило, хипотермија, смрзнатини, замрзнувања и други ризици и болести. Најголем загрозувачки фактор во планините се ниските температури, кои се поделени во 5 категории: влажен студ од +4 до -70°C; сув студ, од -7 до -200°C; интензивен студ од -20 до -320°C; екстремен студ од -32 до -400°C и опасен студ, кога температурата е под -400°C. Ниските температури најчесто предизвикуваат хипотермија, која настанува кога телесната температура ќе падне под 350С, како резултат на долготрајна изложеност на надворешна температура на воздухот, пониска од +100°C, каде што факторите како што се мокра униформа, студен ветар, прегладнетост, замор, недоволен сон, само го забрзуваат процесот на хипотермија, која може да биде смртоносна доколку телесната температура падне под 300С, во зависност од здравствената состојба на војникот. Воената опрема и униформата, во планински услови побргу се оштетуваат. На пример,  во една анализа е утврдено дека векот на траење на војничките чизми при секојдневно носење на планински терен изнесува во просек од 3 до 5 месеци, исто како што и сите видови суви батерии, кои се извори на електрична енергија, се со пократок век на траење доколку се користат на ниски температури. Планинскиот терен влијае врз внатрешната и надворешната балистика на вооружувањето, прецизноста на вооружувањето е намалена поради косите високи и ниски агли на стрелање и други фактори. Возилата ја губат силата на моторите од 8 до 10% на секои 1000 м надморска височина, додека потрошувачката на горивото се зголемува и до 30%. Ниските температури можат да предизвикаат замрзнување на горивото. Акумулаторите можат да бидат сериозно оштетени на температура од -500°C. Со цел да се надминат негативните ефекти на ниските температури, моторите мора да се одржуваат топли преку повремено палење на секои 3 до 4 часа, со што се намалува маскирноста на позициите поради бучавата и топлотниот одраз на моторите.

**Заштитни својства на планинскиот простор.** Ова се однесува на заштитата од непријателско набљудување и на заштитата од дејството на непријателското вооружување. Најдобра заштита од непријателско набљудување од копно и од воздух се шумските појаси, особено зимзелените шуми, бидејќи кај листопадните шуми во зимскиот период доаѓа до опаѓање и до губење на лисјата, со што се зголемува прегледноста, особено од воздушното набљудување. Фактори кои ги зголемуваат заштитните својства на просторот од дејството на непријателското вооружување се длабокиот снег и густите шуми, кои го намалуваат распрскувачкото дејство на артилериските и ракетните проектили, додека карпестите делови од планините претставуваат добар заклон од директен непријателски оган, меѓутоа го зголемуваат убиственото дејство на артилериските и ракетните проектили поради фрагментарното распрскување на карпестите предели.

**Економската состојба на боиштето** се однесува на природните и на цивилните, економско-стопански ресурси на просторот, кои во случај на евентуална војна можат да се искористат за воени потреби, особено планинските населени места кои можат да се искористат како логистички бази, како објекти за сместување (училишта, селски општински објекти, амбуланти и други објекти), како и евентуалните стопанства за производство на хранливи продукти. На повисоките планински предели, како објекти за сместување можат да се искористат планинарските домови, ловечките куќи, караулите (постоечките, кои се користат, но и напуштените, бачилата и поголемите пештери). Исто така, и функционалните бачила можат да се искористат како извори на хранливи продукти за потребите на единиците, особено кога има недостиг од храна.

Виктор Крстевски



# Културна дипломатија (2)

## Процес на поврзување и градење „мостови“ на заедништво

Контекстот на интеркултурно комуницирање одговара на состојбите во современите меѓународни односи, во духот на двонасочни процеси. Повторното враќање на локалното и традиционалното, напоредно со глобализацијата на културата и идентитетот, е обележје на културниот агол на општествените и политичките промени на почетокот на 21 век

Уште пред две децении Мајкл Федерстоун ги забележал овие двојни процеси: глобализацијата може да доведе до зголемена чувствителност за културните разлики.Овде не станува збор само за чувствителност, туку и за многу практична предност, можноста нови канали да се искористат за да се прикаже посебноста на некоја култура. Но, сепак, вкупните процеси се многу посложени, како што укажуваат бројни експерти: „големите технолошки иновации имаа последици по начинот на живот, но не го докрајчија веднаш дотогаш создадениот културен свет.... Тие, поточно, нанижаа еден до друг контрасти, така што архаичното сè повеќе и почесто се граничи со ултрамодерното.Тоа истовремено коегзистирање, постоење едно покрај друго, се чувствува и внатре во државите како и помеѓу нив”.
Оваа точка на гледање, несомнено, е многу блиска со видувањето за фрагмегрисаниот свет (фрагментација-интеграција), според поимот на Џ.Розенау. Секако, би било утопија притоа да се верува дека комуникацијата може да ги отстрани разликите во моќта во светската политика, наспроти очигледниот пораст на можностите за „малите” да дојдат до израз и дури да стапат во односи со други меѓународни актери.
Социјалните промени што ги следат процесите на глобализација, како и процесите на слободниот пазар, како да го потенцираа чувството за вредности и идентитет на оние слоеви кои себе се доживуваат како губитници во овие светски процеси. Во насока на зачувување на своите загрозени идентитети и вредности, овие групи прават јасна разлика помеѓу себе и непожелните, оние другите На локално ниво, оваа разлика и културна спротивставеност



може да прерасне во конфликти кои се засновани на религиска или на етничка база. Според Филип Сеиб, кога се зборува за глобализацијата, честопати тоа се доживува како процес на прифаќање или на одбивање на западните вредности, доживеани како темел на западниот материјализам и како закана за вредносниот систем и за идентитетите на другите земји.
Културната дипломатија на помалите држави се теми од посебен интерес и затоа ова заслужува сериозна анализа. Дали помалите држави својот недостаток од капацитети и инструменти од традиционалната дипломатија можат да го надоместат и да го компензираат со инструментите и методите на културната дипломатија, во насока на градење што подобар имиџ на државата, на нејзината меѓународна репутација и на меѓународната политичка сцена.
Словенците препорачуваат проактивен интеркултурен дијалог и мултиактерска коалиција во меѓународното културно претставување. Во таков случај, како што потенцираат Јуре Пожган и Ана Бојинович-Фенко, културата станува неизоставен и исклучителен фактор за остварување на надворешнополитичките цели на државите.
Помалите земји до неодамна не биле во состојба посебно да се претстават на планот на културната дипломатија, но ја препознаваат нејзината моќ и наоѓаат форми за имплементација преку некакви обиди за неутралност, барања спонзорства за себепромовирање или активно учествување во меѓународните организации за да опстанат во „бришаниот простор" помеѓу двете тогашни светски велесили. Целта е да се прошират аспектите на инфоматичко поле, на јавната дипломатија и на пропагандата кои се користени за време на светската политичка биполарност, потоа културата, како главен фактор во проучувањето на меѓународните односи, којашто „влегува на голема врата“ во 1989 година. Културата, посочува Валери Хадсон, во тоа време веќе се дефинирала како важен извор во директното утврдување на националните интереси на големите сили, како во контекст на внатрешните плурални мотивации и императиви, така и во контекст на одржувањето на меѓународната рамнотежа на моќ. Според Џ.Нај, разликата, сепак, била многу голема, најмалку поради четири причини. Најпрво економската моќ го одредува степенот на учество во комуникациската и културна размена. Ова подеднакво важи како за разузнавачките служби и за војската, така и за индустријата за забава и за продуцентските музички куќи. Второ, конкуренцијата предизвикува борба за нови информации, кои се ретки, и со самото тоа и скапи, во секоја смисла, а третата причина е предноста на одредени кругови во употребата на информатичката технологија.
Оние кругови кои се поблиску до изворот на некоја иновација, секогаш се поспособни да се служат и да ја користат информатичката технологија.
И, последната причина е „тврдата моќ“, воената (материјална), која и понатаму има значително влијание на меѓународните односи, на штета на актерите кои ја имаат малку или со неа воопшто и не располагаат. Сите овие претходно наведени причини, воедно се и главните предизвици на новата културна дипломатија на 21 век.
Низ бројни истражувања и анкети се констатира опаѓање на популарноста на САД во муслиманскиот свет, но





и во Европа, во Австралија и во Канада, во периодот од 2001 до 2006 година. Воедно, и граѓаните на САД се доживуваат во исто светло како и политиката на САД. Искуствата покажуваат дека употребата на јавната и културната дипломатија, како брз тактички одговор (или нејзината еднократна употреба), може само повеќе да ги потенцира негативните предзнаци и отпорот на странското јавно мислење кон оној којшто посегнува по таква форма на одговор и реакција. Искуствата, исто така, зборуваат дека ниту една странска јавност, со сите свои специфики и обележја, во ниту еден момент или прилика, не смее да биде потценета или омаловажена во нејзиното третирање. Како пример за ова може да бидат шесте обиди за отворање на американски библиотеки во 60-тите години на 20 век на просторот на Југоисточна Азија, и тоа секогаш во ситуации на очигледна криза и како одговор на таа криза. Секогаш кога кризата ќе била решена, библиотеките биле затворани. Точно е дека културната дипломатија треба да биде користена во моменти на криза, но таа треба да биде најмногу вклучена во процесите на поврзување и градење мостови на поврзувања, а не да претставува еднократен процес или еднонасочна улица. Почитувањето на развојот на другите и нивниот начин на размислување е она на што се заснова културната дипломатија. Развојот на интересот во доменот на јавната и културна дипломатија на САД после 11 септември 2001 година, покажува дека овие форми на дипломатија САД најчесто ги употребуваат, првенствено, како одговор на одредена криза. Културната дипломатија имаше неоспорни успеси за време на Студената војна со т.н. Советски блок, делумно и заради тоа што ги одобруваше и ги промовираше разликите и слободите во размислувањата и во изразувањето, како дел од вредносниот систем на САД и западните демократии. Бројни американски уметници, артисти, музичари и писатели, низ своите културни дела го отсликуваа пристапот на различност и критичност, па и кон општественото и политичко милје од каде што потекнуваа и доаѓаа. Тој критички став кон сопствената земја и сопствената културна средина беше не само интригантен потег кон СССР и кон источноевропските земји, туку и иницијална „капсула“ за ослободување и промовирање на една слободоумна идеја, идеја којашто во долгите децении на владеењето на комунизмот, потополно била негирана и забранувана. Овие луѓе, уметници-гости од САД, кои беа вистински амбасадори на културната дипломатија на САД, низ своите гостувања се доживувани како сосем независни од Владата на САД, која всушност беше и иницијатор и организатор на овие културни мисии. Слични симпатии за себе и за своите активности имале и британскиот Совет и германскиот „Гете институт“ кои, иако се основани од владите на Британија и Германија, низ долгите години на своето делување претставуваа една голема и впечатлива независност во своите културни акции. Американските дипломати, можеби и први ја разбраа оваа толку многу важна алатка за здобивање привлечност на странската публика кон независноста на културната дипломатија од целите и спецификите на официјалните надворешни политики. Во текот на тие години на тензија и конфликти, културната дипломатија може да се јави како ефикасно, а многу често како и единствено сигурно средство за комуникација. За правилноста во водењето на културната дипломатија и давањето максимум за постигнување на резултати и влијание, треба да се почитуваат следниве постулати:

1. Културната дипломатија секогаш е двонасочна улица.
2. Културната дипломатија е функционална на долгорочни патеки.
3. Не ги објаснува ниту, пак, ги компензира лошите политики.
4 Преку комуникација може да одвраќа или да свртува внимание на одредени аспекти на американската култура како што се: различностите, можностите за успех, слободата на мислењето, слободата на говорот и изразувањето на ваквиот систем.
5. Може да ги отвори вратите за дипломатите и за дипломатијата кај земјата домаќин, дури и во ситуации на лоши и затегнати односи помеѓу САД и земјата домаќин.
6. Нејзината ефикасност и успешност не може да биде прецизно измерена, бидејќи културната дипломатија создава квалитативни, а не квантитативни промени во односите помеѓу народите и државите.
7. Најдобро функционира кога е во согласност со или, пак, е приспособена кон интересите на земјата домаќин или на регионот.
8. Во денешно време, дури и на рестриктивни и строго планирани буџети, културната дипломатија мора да биде максимално креативна, флексибилна и пожртвувана.

м-р Зоран Василески



# Јавното мислење во современото општество

## Кому и колку да веруваме

Јавното мислење во современото општество е многу значајно и привлекува особено внимание, затоа е и предмет на проучување на многу науки како што се социологијата, психологијата, филозофијата, политикологијата, статистиката, па дури и на математиката. Јавното мислење е збир од мислења за одредена важна тема во општествената заедница преку кои се изразуваат ставови што произлегуваат од јавните расправи

Степенот на разновидност, развиеност и променливост на јавното мислење зависи од социјално-економските, културните и политичките промени и од развојот на општеството врз демократски основи. Јавното мислење е група луѓе што споделуваат заеднички интерес за конкретна тема. Луј Себастијан Мансије се смета за „татко“ на јавното мислење, со значење на заедничка и јавна рефлексија на општественото уредување. Терминот „јавно мислење“ за првпат е употребен во Англија, уште во 1159 година. Но, Ж. Ж. Русо го востановил модерниот поим, дека јавното мислење е „волја на сите“, односно општа волја. Важно е да се каже дека јавното мислење содржи некритични и непромислени ставови и судови, субјективна претстава, нешто што не е доволно вистинито. Јавното мислење е широка, заедничка реакција на одобрување или осуда, поддржување или противење на одредена постапка, на мерките или одлуките што се во интерес за општеството. Може да се сфати како општествен процес на интегрирање на поединечни мислења и нивна манифестација. Се формира спонтано и институционално. Спонтаното јавно мислење е меѓусебната комуникација, додека институционалното е преку користење на различен тип медиуми. Во современото општество, кога на дофат ни се најразлични медиуми за комуникација, јавното мислење бргу се шири преку интернетот, придонесувајќи да има што повеќе свесна и активна јавност која дејствува во правец на решавање на каков било проблем или проблематична ситуација, така што по пат на комуникација се обидува да се постигнат соодветни мерки во одредена ситуација.

Јавното мислење е сфаќање, расудување и заклучување, кое во денешни услови, со напливот на најразлични информации, вести, многу брзо се менува. Затоа, јавното мислење е резултат на меѓусебно комуницирање на публиката или глас

преку кој се искажува одреден ставв и мислење за одредени релевантни прашања во општеството. За граѓаните, јавното мислење е „огледало“ во кое се открива колективното мислење, односно „агрегат“ кој претставува консензус. Но, важно е да се посочи дека јавното мислење е „тешко дофатлив производ“, кој е непостојан. Многу е полесно да се измери отколку да се влијае врз јавното мислење, коешто е многу чувствително. Сепак, луѓето, колку повеќе имаат пристап до образование и до многу информации, дотолку повеќе можат да размислуваат со „здрав разум“ и да создадат јавно мислење.

**Донесување ставови со разумност**

За да се создадат ставови, кои се релативно траен поим, луѓето, индивидуално, и заедницата, треба да мисли, да чувствува и да се однесува разумно кон одредени теми и прашања. Ставовите се стекнуваат врз основа на факти, од искуство, кое се одвива посредно или непосредно во контакт со околината. За да донесеме ставови, потребно е правилно да расудуваме и акциски да дејствуваме. Ставот може да биде пријатен, привлечен, или, пак, одбоен им непривлечен, во зависност од чувствата што ги предизвикува. Ставовите како ментална диспозиција влијаат врз забележувањето, мислењето и социјалното однесување, а можат да се формираат врз основа на општи, универзални фактори (општествени односи), помалку важни фактори (припадност на одредена група, информираност, знаење) и специфични фактори. Ставовите можат да бидат позитивни, негативни или непостојани. Се стекнуваат различно, но освен преку образование и преку општествените состојби, ставовите може да се стекнат и преку искуство. Ставовите се формираат најмногу преку доволно прибирање информации, па потоа се изнесува мислењето за конкретно прашање. Најважно е да се знае што е важно при донесувањето на ставот. Затоа јавното мислење го создаваат моментални уверувања, ставови и судови. Тоа подлежи на промени, на контрола, но и на манипулација од одредени, пред сè, политики и економски центри на моќ. Во формирањето на јавното мислење големо влијание имаат и традиционалните медиуми, а сега, во поново време, и социјалните медуми, особено социјалните мрежи. Затоа односите со јавноста треба да ги посочуваат ставовите за да ги засилат верувањата кај луѓето, со цел да го оформат јавното мислење. Јавното мислење секогаш е чувствително на значајни настани, главно се креира од настани, а не од зборови. Луѓето во одредени периоди стануваат почувствителни, но кога станува збор



за општествени интереси, мислењата се менуваат побавно или побрзо, во зависност од тоа колку се опфатени овие мислења. Она што е особено важно е дека, кога луѓето имаат повеќе можности за пристап до информации и до повеќе податоци, во тој случај јавно мислење е здравоумно и реално.

**Истражувањата, алатка за подобра транспарентност**

За подобро креирање на јавно мислење честоати се користат истражувања што ги спроведуваат специјализирани агенции. Резултатите од истражувањата зависат од три информации: величината на примерокот, начинот на собирање податоци (преку телефон, на терен) и анализа, со назнака дека ова е репрезентативно. Понекогаш има и недоверба кон тоа истражување, меѓутоа многу е важно граѓаните да создадат свои ставови и мислења, кои се засновани на презентираните податоци. Транспарентноста е клучен фактор и таа овозможува преиспитување на методологијата на истражувањето и влијае врз донесувањето на судовите за квалитетот на истажувањето. Не постои совршено истражување сите истражувања имаат понекоја грешка, па затоа при секое истакнување на истражувањето се потенцираат одредени проценти на грешки. Истражувањата обично се реализираат со цел да се испитаат одредени ставови кои би можеле да ги изнесат ставовите на граѓаните во земјата. За истражувањето да биде доволно репрезентативно, мора да биде и доволно добро изготвено, со соодветни примероци и случаи. Токму затоа се подобри теренските истражувања, за разлика од телефонските истражувања, бидејќи се добива поквалитетно истажување. Одредени агенции користат комбинирани методи на истражувања ( телефон, терен, социјални медиуми итн.), а тоа зависи од темата за којашто се истражува, со цел да се соберат поквалитетни ставови.

Најважно е истражувачите да дојдат до валидни ставови и одговори, а анкетираните да одговорат искрено на поставените прашања. Одговорите, за кои се смета дека се неискрени, не треба да бидат земени во предвид. Прашањата што се поставуваат во прашалниците треба да бидат содржајни, јасни, за да можат испитаниците да дадат јасни одговори Затоа, мошне е важна обученоста на истражувачите, односно на анкетарите. Исто така, важно е и тоа дека истражувањето треба да е прецизно и да се реализира, да речеме, еден месец пред собирањето на ставовите. Рековме дека нема совршено истражување на јавното мислење, но важно е истражувачите да бидат најблиску до научните стандарди за спроведување истражувања, заради пренесување на добиените ставови од анкетата на јавното мислење за одредени прашања. Не смее да се дозволи ниедно истражување да биде предмет на политика, и со тоа да се предизвика недоверба кај граѓаните. Поголемата транспарентност, во поглед на информациите за истражувањето (кој го нарачал истражувањето, методот на собирање на податоците, анкетарите, периодот на истражување, примероците, прашалникот, степенот на одговарање и друго), може да придонесе за поуверливи резултати за прифаќање на истражувањето, со што граѓаните би се здобиле со поголема доверба да креираат сопствени ставови, засновани на јавното мислење.

м-р Каролина Мицевска








# 15 Април – Ден на Команд

Со воена свеченост во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес, свечено беше одбележан 15 Април – Денот на Командата за обуки и доктрини. На свеченост се обратија министерката за одбрана Славјанка Петровска и командантот на КОД, полковник Васко Коколански, а беа присутни државниот секретар во МО, Владимир Анчев, командантот на КО, бригаден генерал Бесник Емини, командантот на 1. пешадиска бригада, бригаден генерал Сашко Лафчиски, команданти на единиците на Армијата, претставници од Кабинетот на претседателот, од МО и ГШ на Армијата и од организациите со кои соработува Командата. Министерката Петровска во своето обраќање пред присутните истакна дека вистинската сила не лежи само во физичката моќ или во техничката експертиза, туку и во непоколебливата посветеност на припадниците на Командата за обука и доктрини на македонската Армија кон вистинските вредности и принципи. Министерката, на припадниците на КОД, им порача дека преку пренесувањето на нивното знаење и професионалност, тие не се само инструктори или стратези, туку дека се и „архитекти на извонредност“. „Вашата посветеност и професионалност, додаде министерката, се дополнителен мотив да се продолжи со мудрото инвестирање во опрема и во инфраструктура, но и во човечкиот капитал“. Министерката Петровска се осврна и на развојот на армискиот полигон „Криволак“, којшто е дел од оваа команда, најдобриот пример за инвестиција во новите можности за обука. „Изминативе години со нашите сојузници воведовме







# дата за обука и доктрини

многу нови содржини за извежбување, а нивната помош и поддршка беше возможна затоа што кај нас препознаа подготвеност за создавање на полигон кој ќе ги понуди сите можности за обука според највисоките стандарди на Алијансата", заклучи министерката.
Командантот на КОД, полковникот Васко Коколански, во обраќањето истакна дека Командата, изминатата година, во целост ја исполни својата мисија за поддршка на единиците на Армијата, а со своите инфраструктурни капацитети, пред сè, Армискиот полигон „Криволак", се овозможува потребната поддршка и на сојузничките и партнерски армии. Тој истакна дека исполнувањето на дадените задачи не се должи само на поддршката од Генералштабот, туку и на високата професионалност, обученост и мотивираност на припадниците од КОД.
На свеченоста им беа доделени стимулативни мерки на припадниците од Командата за постигнати резултати во работењето, на организации и поединци со кои соработува Командата, како и на екипи кои учествуваа во спортските натпревари организирани по повод Денот на единицата.
Во рамките на воената свеченост, пред присутните се реализираше показна вежба со службени кучиња од Центарот за одгледување и дресура, кој е дел од КОД. Исто така, беа изложени и дел од вооружувањето и опремата, беше прочитана најдобрата поема од учениците од училиштата во Велес кои учествуваа во натпреварот по повод Денот на КОД, а беа изложени и цртежи од учениците од основните училишта.

# Универзално модуларно теренско возило „SUPACAT HMT 600“

Универзалното модуларно теренско возило „SUPACAT HMT 600“ може да се користи за извидување на борбениот простор длабоко во позадината, за брз напад и огнена поддршка, како лесно тактичко возило за логистичка поддршка/транспорт и обезбедување на конвои, а можностите кои ги поседува како, на пример, голема мобилност, издржливост и маневрирање, се важни за неговата примена на земјен терен. Кратенката на возилото HMT значи „High Mobility Transporter“, или во превод „транспортер со голема мобилност”. За разлика од основните модели, „SUPACAT HMT400 Jackal“ и „Jackal 2“, кои се со 4x4 погон на тракалата, зголемената (продолжена) верзија „HMT 600 Coyote“ поседува 6x6 погон на тракалата, поголема носивост и повеќе гориво, што му овозможува да носи поголеми количини дополнителна опрема и заштита на подолги растојанија и може да го издржи својот екипаж и на поголеми далечини. Во основа, верзијата „HMT 600 Coyote“ се создава од верзијата „HMT 400 Jackal 2“ (4x4). За модифицирање од верзијата 4x4 во верзија 6x6 потребни се две или три стручни лица кои за околу 2 часа во техничка работилница можат да извршат надградба со додавање дополнителни модули (компоненти). Возилото поседува вграден систем со воздушна и хидраулична амортизација која овозможува приспособување на каросеријата по висина, односно каросеријата може да се спушти, за да се обезбеди стабилна платформа или да се подигне за да овозможи преминување преку вертикални земјени препреки. Покрај основните



кочници за кочење, вграден е и ABS-систем. Големата мобилност надвор од патот, на возилото му овозможува војниците да ги избегнуваат конвенционални рути на движење, кои можат да бидат предмет на заседа или непријателско извидување. Модуларниот дизајн на каросеријата на возилото ја вклучува и најновата оклопна заштита која е меѓу најдобрите во светот. Модуларниот оклоп за подна заштита од експлозија на мини и балистичка заштита, е развиен од компанијата „Jankel Armouring Ltd“., а оклопните плочи се поставени под одделот за екипажот, кај погонот, транспортниот оддел и на страните од возилото, а седиштата се наменети да го апсорбираат шок-бранот од експлозијата на мини. Горниот дел на кабината е оставен отворен, со цел зголемување на видливоста и зголемено маневрирање со поставените огнени оружја, но ваквата градба овозможува лимитирана заштита. Како погон, централно во возилото се вградува дизел-моторот со 6 цилиндри „Cummins 6.7L“, со моќност од 180 кс, во комбинација со автоматска трансмисија со 5 брзини од марката „Allison“. Трансмисијата овозможува, во зависност од теренот на движење, да се избере 2WD или 4WD погон на тркалата. Инаку, новите верзии на возилото се опремени со систем за автоматско регулирање на притисокот во пневматиците. Возилото стандардно поседува два постаменти (позиции) за огнени оружја, а според потребите на корисникот може да биде опремено со тешкиот митралез „M2 HB“ со калибар од 12,7 mm, пушкомитралез „FN MAG“, со калибар од 7,62 mm и автоматски фрлач на гранати со калибар од 40 mm. Според потребите на корисникот, возилото може да се опреми и со run flat-вметнувања во пневматиците (кои овозможуваат возење на возилото со оштетени пневматици), чекрк со сајла за самоизвлекување, дополнителни држачи за оружја, далечински управувани борбени станици, лансери за противоклопни ракети, лансери на димни гранати, ИЦ-светла, VHF и HF-комуникациски уреди, систем за блокирање на тркалата, поставување на управувачкиот волан од левата или од десната страна на возилото, опрема ISTAR (Intelligence, Surveillance, Target Acquisition, and Reconnaissance/ опрема за разузнавање, набљудување, аквизиција на цел и извидување) и друго. По потреба возилото може да влече лесни приколки или артилериски орудија.

Возилото може да се транспортира по воздушен пат со транспортниот авион „C-130“ и со други поголеми летала.

Од основната модуларна верзија „SUPACAT HMT 400 Jackal 1“ (4x4), развиени се верзиите: „HMT 400 Jackal 2“ (4x4),„ HMT 600 Extenda“ (6x6) „Coyote“ и „HMT 600 Extenda Mk2“ (6x6). Корисници на ова возило се: Обединето Кралство на Британија, САД, Австралија, Украина и други земји.

Ивица Дамески

**Објаснување на пресек-сликата**

**1.** Антена

**2.** Пушкомитралез „FN MAG“

**3.** Волан

**4.** Комуникациски уреди „VHF UK/ VRC358“ и „359 и „HF UK/PRC352“

**5.** Прстен со постамент за прифаќање пушкомитралез, митралез или автоматски фрлач на гранати, кој овозможува дејство од 360º

**6.** Тежок митралез „M2 HB“

**7.** Седиште за ракувачот со оружје (нишанџија)

**8.** Жичен уред за интерна комуникација помеѓу екипажот

**9.** Седиште, кое овозможува заштита од експлозија на мини

**10.** Држач за антена

**11.** Платформа за поставување на различни уреди

**12.** Товарен простор

**13.** Лансер на димни гранати

**14.** Оклопна плоча на подот за заштита од мини






**15.** Зглоб од тркалото, опремен со независна суспензија

**16.** Резерва гума, поставена на оклопната врата од патничкиот оддел

**17.** Редуктор

**18.** Метален праг на склопување

**19.** Дизел-мотор „Cummins 6.7L“

**20.** Мрежа за поставување на личната опрема на војниците

**21.** Пневматик со димензии 335/89 R20

**22.** Седиште за совозачот, кое овозможува заштита од мини, наменето за предниот нишанџија на пушкомитралезот

**23.** Седиште за возачот

**24.** Скалило

**25.** Оклопна врата

**26.** Лансер на димни гранати

**27.** Постамент за пушкомитралезот„ FN MAG“

**28.** Профилиран лим за извлекување на возилото од песок или од кал

| Тактичко- технички карактеристики на „SUPACAT HMT 600“ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 1+4 седишта |
| **Должина** | 7.040 mm |
| **Височина** | минимум 1.885 mm / максимум 2.445 mm |
| **Широчина** | 2.500 mm |
| **Клиренс** | минимум 180 mm / максимум 485 mm |
| **Тежина (со гориво и оклоп)** | 6.6 тони |
| **Корисен товар** | 3.9 тони |
| **Борбена тежина** | 10.5 тони |
| **Погон** | дизел Cummins 6.7L, со моќност од 180 кс |
| **Максимална брзина** | 120 km/h |
| **Автономија на движење** | 700 km/h |
| **Капацитет на гориво** | 200 литри |
| **Вертикална препрека** | 500 mm |
| **Премин преку ров** | 700 mm |
| **Водена препрека** | 1 m |
| **Преден наклон** | 60% |
| **Бочен наклон** | 35% |



# Систем за воздушна одбрана „Iron Dome“

Системите за воздушна одбрана имаат суштинско значење за одбраната на населението, за територијалниот интегритет и суверенитет на една држава, како и за критичната инфраструктура. Израелскиот мобилен систем за воздушна одбрана, познат како „Iron Dome“ – „Железна купола“, е развиен од страна на израелските компании „Rafael Advanced Defense Systems“ и „Israel Aerospace Industries“

Системот „Iron Dome“ е дизајниран и наменет да пресретнува и да уништува ракети и артилериски гранати со краток дострел. Може да се користи во сите временски услови и во случаи кога проектираната траекторија на проектилите би загрозила населено подрачје на израелска територија. Железната купола е наменета за пресретнување балистички и артилериски ракети, како и прецизно наведувани и крстаречки ракети, истрелани на растојание од 4 до 70 километри. Програмата за израелскиот систем за противракетна одбрана била започната во 2005 година, а развојот во 2007 година. „Железната купола“ е дизајнирана да обезбеди „чадор“ над градовите против непријателските балистички ракети со краток дострел и артилериски проектили од 155 милиметри. Одбранбениот систем бил успешно тестиран во 2009 година, а првично тестот бил извршен без физичко пресретнување на проектил или ракета. Во јули 2009 година, за време на тестот на Министерството за одбрана, системот успешно пресретнал голем број ракети. Од своето прво оперативно (борбено) пресретнување управувано од израелските воздухопловни сили во април 2011 година, системот се покажал како револуционерен во делот на воздушната одбрана на Израел. Развиен во рекордно време од само 2,5 години, „Iron Dome“ е борбено докажано решение за проектили со краток дострел (VSHORAD).

Од 2011 до 2022 година, САД придонесоа со свои финансиски средства во одбранбениот систем „Железна купола“. Во 2021 година Израел се согласил да им дозволи на Соединетите Држави да распоредат

батерии од ракетните одбранбени системи „Железна купола“ во воените бази во Персискиот Залив, во Европа и во Азија. Во 2022 година, две батерии од системот „Iron Dome“ биле испорачани за Американската армија. Израел има воспоставено повеќеслоен систем за воздушна одбрана. Вклучува Iron Dome, David's Sling, Arrow 2, Arrow 3, системи за противвоздушна одбрана и антибалистички ракетни системи, како и ласерско оружје „Iron Beam“. Израелските власти процениле дека ефективноста на „Железната купола“ се движи во граници од 75% до 90% и се тврди дека е поефикасен од другите системи за ракетна одбрана. Денес овој систем практично е најпроверениот ракетен штит со пресретнати стотици проектили и артилериски ракети.
Во текот на 1990-тите години, Либанско-шиитската исламистичка политичка партија и милитантната група „Хезболах“ (Hezbollah) со седиште во Либан, лансирала ракети кон северните израелски населени центри со безбедносен предизвик за израелските одбранбени сили. Во тоа време Израел ја промовирал идејата за сопствен противракетен систем со краток дострел. Значителен прогрес се случил во текот на 2004 година, со промените во Бирото за истражување и развој на израелските одбранбени сили и со поддршка на проектот од страна на клучните политичари.
За време на Втората либанска војна во 2006 година, околу 4000 ракети со краток дострел, истрелани од „Хезболах“, паднале во северените делови на Израел, вклучително и на Хаифа, третиот по големина град во земјата. За време на овој ракетен напад имало цивилни жртви и биле евакуирани околу 250.000 израелски граѓани во други делови на Израел. Дополнителн, околу еден милион граѓани на Израел биле заштитени во и околу засолништата за време на конфликтот. Во периодот помеѓу 2000 и 2008 година, повеќе од 8.000 проектили неселективно биле истрелани кон Израел од страна на Газа. Овие настани претставувале сериозна безбедносна закана за земјата и за граѓаните на Израел. Имајќи ги предвид горенаведените безбедносни случувања и заканите што ги претставуваат ракетите истрелани од „Хамас“ и „Хезболах“, во текот на февруари 2007 година, министерот за одбрана го одобрил и го избрал системот за одбрана на Израел против заканите од ракети со краток дострел. Понатаму, финансирањето за производство и распоредување на „Железната купола“ и за ракети-пресретнувачи било одобрено од Конгресот на Соединетите Американски Држави, откако тоа било побарано од претседателот на САД во 2010 година. Ова е прва директна



американска инвестиција во проектот, а таквата финансиска помош го забрзала комплетирањето на одбранбениот систем, кој долго време бил одложуван поради буџетски недостатоци. Системот бил прогласен за целосно оперативен и првично распореден во 2011 година. Истата година бил реално тестиран, односно борбено употребен со пресретнување на ракета лансирана од Газа. Наредната година „The Jerusalem Post“ објавил дека системот соборил 90% од ракетите лансирани од Газа кои би паднале во населените области на Израел. Во тоа време сериозно се размислувало за зголемување на опсегот на пресретнувањето од максимум 70 на 250 километри, како и за можноста системот да пресретнува ракети кои доаѓаат истовремено од два правци. Покрај распоредувањето на системот на копно, во 2017 година било објавено дека „Iron Dome“ во иднина ќе биде распореден на море и поврзан со израелскиот ракетен систем „Barak 8“, со цел заштита на платформите за гас. Системот е дизајниран да се спротивстави на проектили со краток домет, може да работи дење и ноќе, во неповолни временски услови и да одговори истовремено на повеќе закани. Железната купола може да ги заштити градовите и важните цели од масивни ракетни или артилериски напади. Системот истовремено може да следи стотици дојдовни закани со можност за разликување. Ги игнорира ракетите и проектилите кои не претставуваат никаква закана, а дејствува против оние ракети коишто би паднале на населени места со цел да им нанесат штета на населението и на инфраструктурата. Системот има три централни компоненти. Радарот за откривање и следење е изграден од „ELTA Systems“ (израелска одбранбена компанија на производи и услуги специјализирани за радари, ELINT, COMINT, C4ISTAR, електронско војување, комуникација, автономни копнени системи, разузнавање и сајбер-производи, подружница на „Israel Aerospace Industries) и од израелските одбранбени сили. Радарскиот систем за противракетна одбрана добива и прелиминарни информации од други конектирани израелски радари. Следната компонента е Контролниот центар за управување со војувањето и, воедно, за контрола на оружјето, изграден од страна на израелска софтверска компанија. Последната компонента е Единицата за уништување на дојдовните проектили. Таа ја лансира ракетата-пресретнувач „Tamir“ (долга 3 метри и тешка 90 килограми), опремена со електрооптички сензори и со неколку управувачки контроли за високо маневрирање. Ракетата е изградена од компанијата „Rafael“. Вообичаената батерија на „Iron Dome“ има 3 до 4 единици со по 20 проектили по единица. Сите компоненти од системот може да се подигнат, да се транспортираат и да се стават во употреба на друга локација. Процедурата за одбрана од проектили започнува со радарот кој го детектира лансирањето на ракетата и ја следи нејзината траекторија. Контролниот центар за управување ја пресметува точката на удар и пресметува дали целта претставува закана за одредена област. Само кога ќе се утврди таква закана, се активира ракетата-пресретнувач за да се уништи дојдовниот проектил пред да стигне до предвидената област на удар. Во споредба со класична ракетна батерија за противвоздушна одбрана, „Iron Dome“ е независно распространет и изграден на поголема област, поврзан и управуван од далечина преку безбедна безжична врска.

Драган Павловски



# Оклопно модуларно возило на финската армија „Patria AMV XP“

„Patria AMV XP“ 8x8 е напредно и цврсто оклопно модуларно возило со повеќе варијанти, кое нуди исклучителна подвижност, заштита и огнена моќ.

„Patria AMV XP“ е најновата верзија на повеќенаменското оклопно модуларно возило „Patria“ 8×8 (AMV), развиено од финската компанија „Patria“. Возилото има цел да обезбеди дополнителна носивост, подобрени перформанси и заштита. Возилото е интегрирано со напредна опрема за мисија, со цел да обезбеди подобрени оперативни способности на модерното војувалиште. Компанијата „Patria“ го претстави возилото „AMV XP“, интегрирано со куполата „Leonardo HITFACT I“ на меѓународната одбранбена изложба „IDEX 2019“, одржана во Абу Даби, ОАЕ, во февруари 2019 г. „Patria AMV XP“ се одликува со модуларен дизајн со скриена стелт-технологија и со низок радарски и термички потпис. Долго е 8,4 метри, широко 2,8 метри и високо 2,4 метри. Борбената тежина на возилото е 32.000 кг, додека носивоста е 15.000 кг. Оклопното возило се одликува со генерички „интерфејс“ за архитектура на возилото и со дигитални податоци и системи за контрола на возилото. Овозможува мрежна интероперабилност помеѓу возилата.

Возилото „AMV XP“ може да се интегрира со: вооружени системи од 120 мм за директен оган, вооружени системи со среден калибар, систем-носач на минофрлач 120 мм „Patria Nemo“ и противтенковски или противвоздушни ракетни системи, за да се обезбеди супериорна огнена моќ. Може да носи поголем товар, вклучувајќи ги сите системи за вооружување, муниција и опрема за екипажот, според потребите на мисијата. Возилото обезбедува заштита од импровизирани експлозивни направи (IED) и заштита од нуклеарни, биолошки и хемиски (NBC) закани, со цел максимална заштита на персоналот од експлозивни направи и NBC-супстанци. Оклопната заштита на возилото обезбедува балистичка заштита до ниво „K5+“ и противминска заштита според НАТО „STANAG 4569“, ниво „4a/4b“.

Оклопното возило „AMV XP“ се напојува со вграден шестцилиндричен мотор, кој генерира моќност од 450 kW и вртежен момент од 2.250 nm. Погонскиот систем користи автоматски менувач со седум брзини напред и две назад. Погонската линија на возилото вклучува системи за погон на сите тркала, опремено е со run flat-вметнувачи и централен систем за надувување на гумите, кои му овозможуваат на возачот да го приспособи притисокот во гумите според различните услови на теренот. Системот за сопирање е хидрауличен, преку воздух, со систем за сопирање против блокирање (ABS-anti-lock braking system) за зголемена безбедност. Користи

серво-управувач, механички поврзан за првата и за втората оска. Ова оклопно возило е опремено со напреден целосно независен хидропневматски систем за суспензија за подобри перформанси надвор од патот. Мобилноста на возилото дополнително се подобрува со додавање на интегриран систем за контрола на теренот и со опционално управување на задната оска. Оклопното возило може да врши и амфибиски операции. Возилото „AMV XP“ нуди брзина на патот поголема од 100 km/h и може да патува со максимална брзина од 10 km/h во вода. Возилото е способно да работи дури и во најпредизвикувачки услови, вклучувајќи ги жешките пустини и арктичките средини.
Компанијата „Patria“ испорача возило со бруто-тежина од 30 т 8×8 „AMV XP“ во Литванија, во декември 2015 г. Ова возило се одликува со подобрена структура и ги исполнува литванските барања за заштита, вклучувајќи и балистичка заштита, како и заштита од мини и IED. Компанијата „Patria“ беше избрана и од словачкото и од финското Министерство за одбрана за развој на нов прототип на „AMV XP“ 8×8, пешадиско борбено возило (IFV), во рамките на програмата „Bojovými Obrnenými Vozidlami“ (BOV), во декември 2017 г. Програмата за развој на борбено возило на пешадијата, „IFV“ најпрво е тестирана во Словачка, а следната фаза на тестирање била во Финска.
Во март 2022 г, возилото беше избрано за победник во програмата „BOV“. Словачка и Финска потпишаа договор „Влада до влада“ со компанијата „Patria“ во август 2022 г. за купување на 76 оклопни борбени возила, како дел од иницијативата која вклучува 10 амбулантни возила, 6 командни возила и 60 борбени возило на пешадијата „IFV“. Во септември 2023 г., „Patria“ ја испорача првата амбулантна варијанта на „Patria AMV XP“ во Словачка. Испораките се очекува да завршат до 2027 година. Компанијата „Konstrukta Defense“ е главен изведувач, додека „EVPU“ е снабдувач на системот за оружје за Програмата. Во декември 2020 г. возилата „Patria AMV XP“ беа испорачани во Јапонија на тестирање. „Patria AMV XP“ 8×8 беше избрано во декември 2022 г., за да ги замени оклопните транспортери на персоналот тип „96 8×8“ на копнените сили за самоодбрана на Јапонија, како дел од програмата „Оклопен транспортер на тркала“. Во 2023 г., „Patria“ и „Japan Steel Works“ потпишаа Договор за лиценца за производство на возилата „AMV XP“ 8×8 во Јапонија.
Модуларниот дизајн на „Patria AMV XP“ овозможува инсталирање на различни компоненти, за различни потреби на мисијата, без да се менуваат основните системи на возилото. Основниот модел служи како платформа за различни варијанти, вклучувајќи оклопен транспортер, борбено возило на пешадијата „IFV“, командно возило, амбулантно возило, извидувачко возило, возило-носач на противтенковско наведувано ракетни системи, оклопно возило за поправка и извлекување, „recovery“ и возило-носач на минофрлачки систем 120 мм „Patria Nemo“. Верзијата со висок покрив на „Patria AMV XP“ нуди поголем внатрешен простор во задниот дел, зголемувајќи ја висината на возилото на 34 см, за конфигурации на командни возила, C4I-возила, амбулантни возила или возила за работилница. Варијантата на платформата за возило-носач на тешко оружје е наменета за носење системи за оружје со голем калибар, вклучувајќи го минофрлачкиот систем „AMOS“ од 120 mm или мобилните топови 105/120 mm. Возилата се карактеризираат со ефикасност, сигурност, отпорност, солидна заштита, едноставна употреба и одржувањето и со достапни цени. „Patria”, со овие модели ексклузивно ги снабдува и ги опремув силите на ООН во бројни мировни мисии ширум светот. Следејќи ги современите текови на производство на оклопни борбени возила на тркала и користејќи ги искуствата стекнати во бројните мисии под водство на ОН, Финците се определија за производство на одличното оклопно модуларно возило од третата генерација со ознаки „AMV 8x8“. Финските возила 8x8 од фамилијата „Patria“ ги има во повеќе земји. Глобални оператори и клиенти се:  Финска, Полска, Хрватска, Јужна Африка, Словенија, Шведска и ОЕА. Возилата се воведени во служба во 2006, и оттогаш до денес се произведени над 2000 возила.  Со производството на возилата „Patria AMV“ 8x8, Финска се искачи на врвот на светски производители на борбени возила. Споредб експертите од оваа област, иднината на овие возила е загарантирана за наредните 30 години, а за нивната популарност сведочи и сè поголемата заинтересираност на голем број земји, кои со нив сакаат да ги опремаат своите вооружени сили.

Идриз Идризоски



| Карактеристики на „Patria AMV XP“: | |
|---|---|
| должина | 8,4 метри |
| широчина | 2,8 метри |
| висина | 2,35 метри |
| тежина | 32 тони (борбена) |
| носивост | 15 тони |
| посада | 3+8-10 војници |
| автономија на опсег | 800 km |
| максимална брзина на пат | 100 km/h (62 mph) |
| совладување на наклон | од 60% |
| совладување на страничен наклон | 30% |
| совладување на вертикална препрека | 0,7 m |
| совладување на ров | 2 m |
| совладување на водена препрека | 1,5 m |
| брзина на пловење | 10km/h |




# „Kawasaki Ki-61“

Воздухопловот „Kawasaki Ki-61“ или, познат помеѓу јапонските воздухопловци како „Летачката ластовичка“, служел во воздухопловството на јапонската армија како воздухоплов-ловец. Воздухопловот добил дезигнација „армиски ловец тип 3“ и конкретно бил дизајниран за оперативно дејство од копно и на копно

За време на Втората светска војна, јапонското воено-политичко раководство креирало стратегија, чија цел била територијална експанзија на запад, кон Кина, на југ кон Индонезија и, на исток, кон Пацифичките Острови, кои голем дел биле под американско или под британско раководство. Јапонската морнарица добила примарна улога со своите авиони-крстачи, со мошне модерни носачи на авиони, кои биле опремени со голем број противавионски топови и со еден од најдобрите воздухоплови во војната, „Mitsubishi A6M”, наречен „Zero“. Иако овој воздухоплов главно бил дизајниран за употреба во воената морнарица, во доцните фази од Втората светска војна, Јапонците го употребувале и од копно. Но, всушност, речиси како и сите останати воздухоплови на јапонското воздухопловство, „Zero“ поседувал мотор наречен „Ѕвезда“, што го ладеле со помош на воздушна циркулација. Ова, секако, носело свои предности и недостатоци. Недостатокот од воздухоплови со линиски мотори кои, пак, биле ладени со помош на течна материја, налик на антифриз, биле очигледни. Со цел да се воспостави баланс на воздухопловите опремени со различен мотор за различни намени, јапонското воздухопловно раководство било збогатено со одличниот „Kawasaki Ki-61“, единствениот јапонски воздухоплов со линиски мотор што бил во активно сериско производство за време на Втората светска војна. Воздухопловот „Kawasaki Ki-61” или, позната помеѓу јапонските воздухопловци како „Летачката ластовичка“, бил воздухоплов-ловец, кој служел за потребите на воздухопловството на јапонската армија. Воздухопловот добил дезигнација „армиски ловец тип 3“ и конкретно бил дизајниран за оперативно дејство од и на копно. Тоа значело дека воздухопловот немал способност за слетување и за полетување на носач на авиони или, пак, за изведување оперативни дејства под авторитет на воздухоловната гранка на јапонската морнарица. Првата појава на „Kawasaki Ki-61“ предизвикала погрешна процена на сојузничките воздухопловни експерти, верувајќи дека јапонското воздухопловство во своите редови има германски ловци од типот „Messerschmitt Bf-109“ и италијански ловци од типот „Macchi C 202“. Овие тогашни погрешни процени се должеле на големата сличност на „Kawasaki Ki-61“ со славните воздухоплови на германското и на италијанското воздухопловство. Имено, јапонскиот



воздухоплов имал линиски мотор, бил позициониран надолу, односно во превртена положба, исто како и положбата на моторот на „Messerschmitt Bf-109“. Впрочем, јапонското военополитичко раководство, во годините пред почетокот на Втората светска војна, редовно испраќало инженери, дипломати и други стручни лица во Германија и во Италија, со цел да се соберат што е можно повеќе информации и технолошки способности. Не е ни чудо што дизајнот на „Kawasaki Ki-61“ потсетувал на некои од германските или италијанските славни воздухоплови па, така, сојузниците го го именувале „Tony“. Јапонскиот ловец бил дизајниран во декември 1940 година од Такео Дои. Тој добил насоки од јапонското воздухопловно раководство да создаде ловец, којшто ќе го поседува германскиот мотор „Daimler-Benz DB 601“, Јапонското име на овој ловец бил „Ha-40“. Ваквите насоки биле поттикнати од одличните перформанси на германскиот ловец „Messerschmitt Bf-109 E“, кој бил придвижуван од истиот мотор. Еден од највпечатливите дизајнерски елементи на „Kawasaki Ki-61“ бил токму во носниот дел, околу моторот на авионот. Она што е вообичаено речиси за сите ловци во Втората светска војна, се страничните панели во пределот на моторот  кои се отстранувале заради практична и едноставна достапност за каков било механички зафат доколку постоела потреба од тоа. Но, јапонскиот ловец имал фиксни странични панели, залиени со остатокот од воздухопловната конструкција. Наместо страничен механичарски пристап, авионот бил дизајниран за пристап само од горниот и од долниот панел, што за некои механичари и пилоти било предност, но за некои било премногу комлицирано. Токму на еден од страничните фиксни панели се наоѓал отворот за воздух што го хранел турбинот на моторот на авионот. Веднаш зад моторната конструкција се наоѓала муницијата за главното вооружување на „Kawasaki Ki-61“. Такео Дои го дизајнирал воздухопловот со главно вооружување од два синхронизирани митралези „Ho-103“ со калибар од 12,7 милиметри. Индивидуално, тие биле мошне лесни за нивниот калибар, особено во споредба со сојузничите митралези со ист калибар. Дополнително, муницијата за митралезите била лесна, но ударната моќ била задржена со компензација на екстремно брза стапка на истрелување  муниција од страна на митралезот. Митралезите биле поставени нелинеарно, зад моторот, пред пилотската кабина, еден понапред , а еден поназад. Дел од нив дури навлегувал и во пилотската кабина. Капацитетот на муниција бил 500 зрна со калибар од 12,7 милиметри за двата митралези, односно по 250 парчиња муниција на секој митралез. Освен главното вооружување, воздухопловот располагал и со два митралези „Type 89“ со калибар од 7,7 милиметри, лоцирани во крилата. Имено, карактерот на таканареченото секундарно вооружување бил приспособлив, бидејќи различни варијанти на авионот биле соодветно опремени со различен сет од митралези и топови. Дизајнот вклучувал и самозапечатувачки резервоар за гориво со капацитет од 165 литри, лоциран зад пилотското седиште. Предниот дел од кабината бил изработен од армирано метално стакло за заштита на пилотот, со дебелина од 13 милиметри, лоцирана зад главата на пилотот. Под пилотската кабина, односно на средина од воздухопловната конструкција, под крилата, биле лоцирани ладилникот за маслото и радијаторот за ладење на моторот. Растојанието помеѓу тркалата на авионот изнесувало 4 метри, што за раниот период од Втората светска војна претставувало невообичаен елемент. Тоа значително ја зголемувало стабилноста на авионот. Во секое крило на авионот бил лоциран по еден делумно самозапечатувачки резервоар со капацитет од 190 литри. Сите овие дизајнерски карактеристики на авионот предизвикувале воодушевување кај јапонските пилоти. Тие биле посебно импресионирани од вооружувањето, од способноста за самозапечатувачки резервоари и од способноста на авионот при изведување „нуркачки“ маневар. Имено, јапонското воздухопловно раководство организирало краток натпревар со цел да се тестираат способностите на „Kawasaki Ki-61“. На натпреварот се натпреварувале јапонскиот воздухоплов „Nakajima Ki-44“, германскиот „Messerschmitt Bf-109 E-7“, рускиот „LaGG-3“, и американксиот „Curtiss P-40 Warhawk“. „Kawasaki Ki-61“ предводел над сите воздухоплови, надминувајќи ги сите воздухоплови со своите маневрирачки способности и во достигнувањето на максимална брзина. Во првата половина на Втората светска





| Главни карактеристики на „Kawasaki Ki-61-I-KAIc“ | |
|---|---|
| Посада | 1 |
| Должина | 8,94 метри |
| Распон на крилата | 12 метри |
| Висина | 3,7 метри |
| Мотор | Еден мотор „Kawasaki Ha-40” со 12 цилиндри, способен да развие 1159 коњски сили. Моторот бил ладен со помош на течна материја налик на антифриз |
| Максимална брзина | 580 километри на час |
| Опсег на оперативно летање | 580 километри |
| Максимална висина на летање | 11.600 метри |
| Вооружување | Два митралези „Ho-103“ со калибар од 12,7 милиметри<br>Два топа „Ho-5“ со калибар од 20 милиметри<br>Способност за носење на две бомби со тежина по 250 килограми. |



војна, јапонскиот воздухоплов „Kawasaki Ki-61“ бил значително супериорен за разлика од другите авиони-противници. Во текот на Војната стандардите и развојот на ловци од сојузниците бил недостижен за јапонските способности. Тоа резултирало со брз пад на перформансите во меѓусебните воздухопловни дуели. Но, на почетокот на Втората светска војна, јапонскиот ловец бил еден од најдобрите воздухоплови на светската сцена.

**Варијанти**

Во текот на војната, јапонското воздухопловно раководство најстојувало кон развој на повеќе варијанти на овој воздухоплов, со цел да одговори на растечкиот притисок од страна на сојузниците.

**„Kawasaki Ki-61-I-Ko“**

Оваа варијанта била првата што влегла во сериско производство. Таа вклучувала вооружување од два синхронизирани митралези „Ho-103“ со калибар од 12,7 милимтери, лоцирани во носниот дел на воздухопловот и два митралези „Type 89“ со калибар од 7,7 милиметри, лоцирани во крилата на авионот. Оваа варијанта, исто така, била способна да носи еден надворешен резервоар за гориво со капацитет од 150 литри, или една бомба со тежина од 100 килограми.

**„Kawasaki Ki-61-I-Otsu“**

Митралезите во крилата биле заменети со митралезите „Ho-103“ со калибар од 12,7 милиметри. Ударната моќ на авионот била зголемена на четири митралези со калибар од 12,7 милиметри. Ова варијанта била тешка  и мошне ретка комбинација на вооружување за авион-ловец за време на првата половина од Втората светска војна.

**„Kawasaki Ki-61-I-Hei“**

Вооружувањето кај оваа варијанта било дополнително зголемено. Митралезите во крилата биле заменети со германските топови „Mauser MG 151/20“ со калибар од 20 милиметри.

**„Kawasaki Ki-61-I-Tei“**

Оваа варијанта подлежела на рокада и на дополнителна модификација на вооружување. Тоа се состоело од два топа „Ho-5“ со калибар од 20 милиметри, лоцирани во делот на носот на авионот и од два митралези „Ho-103“ со калибар од 12,7 милиметри, сместени во крилата на авионот.

**„Kawasaki Ki-61-I-KAId“**

Овој тип на воздухоплов бил вооружен со два митралези „Ho-103“ со калибар од 12,7 милиметри, лоцирани во делот на носот на авионот и со два топа „Ho-155“ со калибар од 30 милиметри, кои се наоѓале во крилата на авионот.

Димитар Даневски



# Компанијата „Берета“ ја претстави својата нова платформа за јуришни пушки

Компанијата „Берета“ кон крајот на 2023 година ја претстави својата нова платформа за јуришни пушки, а верзијата со калибар 5,56 × 45 mm е само првата од серијата оружја со долга цевка, коишто допрва, во наредните години ќе се надградуваат

Последното оружје на компанијата „Берета“, која има речиси 500 години историја, е иновативната пушка со калибар 5,56×45 mm, која е дел од програмата „New Assault Rifle Platform“, односно „Нова платформа за јуришни пушки“ или, накратко, „НАРП“. Оваа програма била лансирана во 2018 година, кога започнала првата фаза и бил произведен функционален демонстратор со првиот детален ергономски дизајн. Исто така, биле извршени и домашни лабораториски тестови. Во 2022 година, во втората фаза, биле произведени првите прототипови девет дополнителни пушки кои биле дистрибуирани до оперативните полкови на италијанската армија. Во април 2023 година, програмата „НАРП“ ги надминала главните чекори: критичкиот преглед на дизајнот, развојот на концептот и експериментирањето. Според извори на „Берета“, биле усвоени значителни модификации на патот на развојот, а некои елементи речиси целосно биле редизајнирани, а интензивните лабораториски и оперативни испитувања ги продолжилса италијанската армија.

Како што може да се види од кратенката, НАРП, таа се однесува на програмата, а не на претставеното оружје. Оружјето, ќе го добие

името во наредниот период, па така во понатамошниот текст ќе го нарекуваме „НАРП“, бидејќи засега ова е единствената достапна информација. Првиот впечаток кога се гледа оружјето „НАРП“ е, дека тоа е едно од многубројните јуришни пушки базирани на „АР15“, но тоа се покажува како невистинито ако се навлезе во деталите. Всушност, на портфолиото на „Берета“ му недостигало оружје слично на „АР15“,а ова оружје повеќе го барале клиентите, бидејќи овозможува полесно префрлање од една пушка на друга. Јуџин Стонер, конструкторот на „АР15“, дефинитивно завршил одлична работа во однос на ергономијата, распоредот на командните копчиња и лостовите на неговите пушки, па тие станаа стандард, иако со континуирани подобрувања. Кога компанијата „Берета“ започнала да работи на програмата „НАРП“,таа ги разгледала петте клучни куршуми на НАТО за мало оружје, нивната ергономија, доверливост, модуларност и смртност. Идејата на „Берета“ била да ја развие својата нова јуришна пушка во тесна соработка со италијанската армија. Биле потребни шест години за да се развие нова јуришна пушка, па затоа можеби овој период делува предолг, но мора да се земе предвид дека речиси две години биле изгубени поради пандемијата со „КОВИД-19“. Но, брзото создавање прототипови и 3Д-печатењето се покажале како клучни за да се овозможи тестирање во реално време на идеите произлезени од дискусиите, особено кога се работи за ергономијата.



Пиштолската ракофатка на „НАРП“ е достапна со различни агли, за да одговара на желбите на клиентите. Но, клучното прашање на ергономијата била локацијата на командните елементи кои го претставуваат „интерфејсот“ помеѓу операторот и пушката.  Сите команди на пушката се достапни и за деснораките и за левораките војници. Овие команди се целосно симетрични и работат на ист начин. Безбедносната рачка има три позиции: безбедно стрелање, полуавтоматско и автоматско стрелање со агол од 90° помеѓу секоја позиција. Механизмот не дозволува рачката да остане на половина пат помеѓу едната и другата позиција, па ако аголот е под 45° ќе се врати во почетната положба, а ако е над 45° ќе се префрли на следната. Целосната компатибилност со личната опрема на италијанската армија била темелно проверена, што довело до израмнување на некои агли за да се избегнат заплеткувања. Според компанијата „Берета“, НАРП ги надминала сите тестови на НАТО. Дизајнерите откриле дека изборот за тежок затворач обезбедува добра доверливост и, исто така, довело и до намалена стапка на пукање на околу 700 куршуми во минута. Ова, не само што ја зголемува контролата на оружјето при пукање во автоматски режим, туку ја го зголемува и долготрајноста на употребата на оружјето. „НАРП“ е опремен и со капак за портата за исфрлање на чаурите, што ја намалува нечистотијата која може да влезе во оружјето кога тоа не се користи. Друга клучна карактеристика на дизајнот што ја зголемува контролираноста е фактот што оската на цевката е пониска од кундакот, а тоа овозможува испуштање на сите сили хоризонтално, намалувајќи го издигнувањето на устата на цевката. Ова ја зголемува прецизноста, дури кога се пука и во полуавтоматски режим со голема брзина на повторување, но и кога пушката се користи во автоматски режим. Оружјето е опремено со кундак кој може да се продолжува. Меѓутоа, пушката „НАРП“ може да биде опремена со склопувачки кундак, дизајниран од „Берета“. Сите знаат дека пушките „АР15“ немаат кундаци што се преклопуваат, бидејќи повратната пружина оди во самиот кундак. „Берета“ го направи тоа поинаку: повратната пружина се наоѓа во горното куќиште, решение кое според неа ја зголемува и доверливоста. Ова овозможува многу компактна јуришна пушка која, сепак, одржува целосна компатибилност со сите додатоци на „М4“. Заштитната облога е опремена по целата должина со шина „пикатини“ на врвот, што овозможува инсталирање на различни



видови оптички нишани и додатоци за ноќно гледање. Стандардните нишани се на преклопување, предниот има две отвора, поширокиот се користи за блиска борба, додека потесниот е дизајниран за цели на 200 метри и се користи за пукање на пушката. Предниот дел на пушката е опремен и со M-LOK-слотови на страните и во долниот дел. Ова овозможува директно поставување на додатоци или употреба на адаптер за шините „пикатини". Компанијата „Берета", исто така, развила специфичен „интерфејс", за да овозможи инсталирање на својот фрлач на гранати под цевката од 40 мм „GLX160, дизајниран за јуришната пушка „ARX160".
Пушката може да биде опремена со цевка од 29,21см или од 36,83 cm  за различни намени. Верзијата со кратката цевка е долга 812 mm со продолжен телескопски кундак и 730 mm со склопен кундак, додека верзијата со подолгата цевка е долга 888 mm со продолжен кундак и 806 mm со склопен кундак. Пушката „НАРП" е мошне тенка, нејзината ширина е само 78 mm. Со празна полимерска рамка за муниција, масата е околу 3,3 kg за подолгата верзија и 3,2 kg за пократката верзија. Пушката ги прифаќа сите видови метални или полимерни рамки за муниција „СТАНАГ 4179". Расклопувањето на пушката е многу едноставно, бидејќи за чистење или за отстранување на дефектите не се потребни алатки, а сите пинови се осигурени, што го избегнува нивното губење, коешто е клучен фактор, особено ноќе. Истото важи и на ниво на работилница, каде што погрешното склопување е спречено со дизајнот. Прввата пушка од серијата НАРП има калибар НАТО 5,56 mm. Компанијата „Берета" веќе размислува да го развие оружјето во други калибри како што се .300 Blackout, 6,5 mm Creedmoor и 7,62×51 mm. „Берета" ќе го започне дизајнот и на другите пушки од серијата „НАРП", бидејќи јуришната пушка 5,56×45 mm е само почетна точка. Пушата „НАРП" ќе се развива во многу верзии и варијанти, со шест различни должини на цевките: 178 mm, 292 mm, 368 mm, 406 mm, 457 mm и, конечно, 508 мм. Серијата пушки „НАРП" со калибар НАТО 5,56×45 mm ќе се состои од четири верзии: со калибар НАТО 7,62×51 mm, со пет различни пушки, три верзии ќе бидат со калибар „Creedmoor" 6,5 mm или 6,8 mm.
Пушката „НАРП" е дизајнирана за борба, а компанијата „Берета" јасно претендира и  за националните потреби на клиентит и за извозниот пазар.

Александар Стојчевски





# Набавки на албанското Воено воздухопловство

За неполни два месеци, за потребите на албанското Воено воздухопловство се испорачани 2 повеќенаменски воени хеликоптери „UH-60A" и 3 извидувачко-борбени беспилотни летала „Bajraktar ТВ2".Врз основа на договорот од 2020 година помеѓу САД и Албанија за набавка на 2 половни повеќенаменски воени хеликоптери „UH-60A", на 13.1.2024 година во Албанија, во Воената воздухопловна база „Ринас" во близина на Тирана, со транспортен авион „C-17A Globemaster III" од Военото воздухопловтсво на САД, се испорачани двата хеликоптери со воени ознаки на албанското Воено воздухопловство, со тактичките идентификациски броеви FA666 и FA690, додека на 1.3.2024 година е објавено дека од Турција за Албанија биле  испорачани 3 извидувачко-борбени беспилотни летала „Bajraktar TB2", кои би требале да бидат стационирани во Воената воздухопловна база „Кучове". Инаку,соодветната  логистичка опрема за беспилотните летала била испорачана неколку дена пред испораката на леталата „Bajraktar ТВ2". Испораката на „Bajraktar TB2" за потребите на Веното воздухопластво на Албанија е реализирана врз основа на меѓународниот договор потпишан во декември 2022 година. Според овој договор, Албанија набавува 9 беспилотни летала„ Bajraktar", со опција за дополнителни набавки. Освен Албанија, нов корисник на беспилотното летало „Bajraktar" е и Косово, со набавени 5 летала.

Ивица Дамески





# Хаубица 105 мм „М2А1“ и модерни
# за хаубица 105 мм „М2А1“

Хаубицата 105 мм „М2А1“ е орудие на копнената артилерија, развиена и дизајнирана од Армијата на САД за време на Втората светска војна. Производител на оваа хаубица е „Rock Island Arsenal“. Поради конструктивните и балистичките особини, оваа хаубица е оспособена за употреба на секаков вид земјиште. Хаубицата е наменета за:

- неутрализирање или за уништување на непријателска жива сила и за огнени средства во заклон и надвор од заклон;
- уништување на лесно утврдени бункери и други фортификациски објекти;
- неутрализирање на непријателската артилерија и на минофрлачите;
- уништување на непријателските оклопни и моторизирани средства.

Хаубицата е оспособена за влечење моторно возило. Брзината на движење на хаубицата, кога е закачена на моторно возило, е до 50 км на час по добри патишта, а за останатите видови патишта, брзината на движење е во зависност од нивниот квалитет.

Оваа хаубица е основа за развој на многу варијанти со калибар од 105 мм ширум светот.

Наменската индустрија „Југоимпорт СДПР“ во Р. Србија развива модернизациски сет за оваа хаубица со кој се зголемуваат и се подобруваат дострелот и другите конструкциски и балистички елементи на хаубицата. Во споредба со дострелот на постоечката муниција за „М2А1“, со модернизацијата е зголемен и дострелот до 60 %, со користење на проектилот 105 мм „HE-ER BB“ (18 километри) и 32 % зголемен дострел со користење на проектилот „HE-ER BT“ (15 километри).

Постапката за модернизација се состои од: замена на постоечката цевка со должина од 23 калибри со цевка од 33 калибри, поставување на гасна кочница со два отвори на цевката, замена на задникот и на затворачот на задникот со идентични делови направени од челик кои може да издржат големи притисоци, замена на пружината на израмнувачот и зголемување на тежината на краците.

Главни предности на модернизираната хаубица се:

- задржана е конструкцијата на хаубицата;
- не е сменет противповлекувачкиот систем;
- тежината на модернизациониот сет е 250 килограми, односно само 12% од стандардната хаубица „М2А1“;
- техничките работи и постапки се одвиваат на релација побарувач - купец.

Славчо Кузманоски






| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХАУБИЦА ОД 105 мм „М2А1“ | |
|---|---|
| ПОДАТОЦИ ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА | |
| **Калибар на цевката** | 105 мм |
| **Должина на цевката со задник** | 2574,3 мм |
| **Должина на цевката без задник** | 2363,5 мм |
| **Број на жлебови-полиња** | 36 |
| **Број на куршуми во цевката** | 20.000 куршуми |
| **Најголем дострел под агол од 7 до 84 илјадити со 7 полнења** | 11.251 м |
| **Најголем дострел со противоклопно-обележувачки проектил** | 11.797 м |
| **Најголема почетна брзина со моментно-фугасен проектил** | 472 м/сек. |
| **Најголема почетна брзина со противоклопно-обележувачки проектил** | 648 м/сек. |
| **Вертикално поле на дејство** | 71º (1269 илјадити) |
| **Најголема елевација** | 66º (1180 илјадити) |
| **Најголема депресија** | - 5º (- 89 илјадити) |
| ПОДАТОЦИ ЗА ТЕЖИНАТА | |
| **Тежина на хаубицата во маршевска положба:<br>- на лафет „М2А1“<br>- на лафет „М2А2“** | 2030 кг<br>2259 кг |
| **Тежина на хаубицата во положба за стрелба** | 1920 кг |
| **Тежина на цевката** | 320 кг |
| **Тежина на цевката со задник** | 441 кг |
| **Тежина на цевката со задник и затворач** | 482 кг |
| **Тежина на затворачот** | 34 кг |
| **Тежина на хаубицата во положба за стрелба** | 1920 кг |
| ПОДАТОЦИ ЗА ДИМЕНЗИИТЕ | |
| **Должина на хаубицата во маршевска положба** | 6 метри |
| **Ширина на хаубицата** | 2146 мм |
| **Висина во маршевска положба** | 1524 мм |
| **Клиренс** | 393 мм |
| **Радиус на вртење на хаубицата** | 3353 мм |
| **Должина на хаубицата во маршевска положба** | 6 метри |
| ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ | |
| **Потребно време за подготовка на хаубицата за стрелба** | 3 минути |
| **Цевка** | Еднослојна, незајакната |
| **Тип на затворач** | Хоризонтално-клинест |
| **Тип на ударниот механизам** | На повлекување |
| **Тип на хидрауличната кочница и на повратникот** | Хидропневматски, со слободен клип |
| **Тип на лафет** | Двокрак |
| **Тип на патната кочница** | Механичка, рачна |
| **Тип на нишанската направа** | Со зависна нишанска линија |
| **Потребно време за подготовка на хаубицата за стрелба** | 3 минути |






# Планерот „Саламандра“

„Саламандра“ е вториот воздухопловен тип на планер-лизгач во аероклубот во Скопје и воопшто на македонскиот простор. Конструкторот, инженерот Васлав Червински од Краков, Полска, кон крајот на 1938 г. дал согласност за негово лиценцирано производство во поголем број држави и фабрики. Меѓу нив била и фирмата „Утва“ од Панчево, во некогашното Кралство Југославија. Инаку, првичното и оригинално полско име на планерот, во текот на 1936 г., било „VVS-1 Salamandra“

Од првата серија 10 изработени планери од типот „Саламандра“, во текот на 1939 година, преку Централниот одбор на Кралскиот југословенски аероклуб, два планери му биле доделени на обласниот аероклуб во Скопје. Тие биле нов поттик за македонските едриличари коишто покажувале особен интерес и видлив прогрес за развојот на оваа нова воздухопловна активност. И овој нов планер за основна обука на пилоти, слично на останатите од тоа време, бил едноседечки, изграден со едноставна конструкција од дрво и од платно, со клучни врзувачки елементи од метал. Предниот, кабински дел на трупот на планерот бил изработен со волуменско дрвено конструктивно решение, каде што на носечка дрвена греда биле поставени издолжени шестаголни рамки, односно „ребра“, однадвор обложени со дрвена лепенка (шпер-плоча). На тој начин бил формиран кабинскиот простор за сместување на пилотот. Во предниот дел на таквата внатрешност, на носечката греда, биле поставени ножните команди за управување со вертикалниот стабилизатор. Во средината на истата на кабинскиот дел била вертикално поставена командната управувачка палка за управување со хоризонталниот стабилизатор и крилните крилца или познати како елерони. На надворешниот преден дел на кабината бил прицврстен ветробран кој што го штител пилотот од струењето на воздухот. Во кабинската внатрешност, пред пилотот, биле поставени основни летачки инструменти. Продолжетокот на трупот бил формиран со две дрвени греди, со стеснување една кон друга, коишто завршувале со формирање на фиксниот дел на вертикалниот стабилизатор и лежиште за хоризонтален стабилизатор. Двете греди биле меѓусебно зацврстени со челични сајли. На долниот преден



Планер „SALAMANDRA", цртеж: Ѓ.Чачкиров

дел од трупот, во улога на подвоз, била вградена дрвена „скија" со кружни амортизери од тврда гума, поставени помеѓу трупот и додадената скија. На задниот дел на трупот, во улога на подвоз, бил поставен еластичен метален лизгач. Крилото на планерот било конструктивно, целосно изработено од дрвен материјал, а формираниот „скелет" бил обвиен со импрегнирана ткаенина. Обликот на крилото бил комбиниран, при што централниот дел имал правоаголна форма, а продолжетоците, кон краевите и на двете негови страни, биле во форма на трапез со благо заоблени завршетоци. Според меѓународната стандардизација, аеропрофилот (напречниот пресек) на крилото бил од типот „Gö 372", со рамна долна страна и испакната горна страна. Самата крилна конструкција била во рамките на стандардните градби, со нападен (преден) раб, носечка раменица и излезен раб, меѓусебно поврзани со дрвени ребра. Во овој случај нападниот раб бил дооформен со дрвена лепенка, во вид на кутија, која создавала дополнителна конструктивна цврстина на целото крило. Завршетоците на двете страни на крилото биле изведени со свиткани челични цевки коишто ги штителе нивните краишта при „паѓање" на земја или при држење, односно туркање на планерот на земја. Како дополнително зацврстување на самото крило и на врската со трупот, и на двете страни од планерот биле поставени коси челични потпори. Покрај тоа, централните делови на крилото биле врзани за предниот дел од трупот со помош на истегнати челични сајли. Планерот „Саламандра", којшто некаде се среќава и под името „Саламандер", се употребувал и на македонските простори и ги имал следните особени карактеристики: должина на трупот 6,50 м, распон на крилата 12, 50 м, аеропрофил на крилото „Gö 372", површина на крилото 16,90 м2, додека висината на планерот во хоризонтално поставена положба изнесувала 2,3 метри. Тежината, кога планерот бил празен, изнесувала околу 120 кг, а полетната тежина 214 килограми. Брзината на стандардното летање изнесувала околу 55 км/час, максимална дозволена брзина му била 150 км/час, а минималната безбедна брзина за летање 43 км/час. Потсетувајќи се на овој планер-едрилица, многумина од тогашните едриличари ќе речеа: Добро е што „Саламандра" пристигна во Скопје кога веќе беше изграден првиот хангар на Зајчев Рид, инаку кој знае каде ќе ни беше „алот" ако требаше да ја склопуваме и расклопуваме секој ден. Тоа ќе значеше секојдневно, прецизно, да се поставуваат и прицврстуваат крилата на соодветното место на трупот, да се поставаат косите потпори меѓу трупот и крилата и, на крајот, да се извлечат и да се поврзат челичните сајли на соодветните места.

Со оглед на квалитетот и подобрената удобност на летањето со овој планер, со него најчесто летале малку поискусните едриличари коишто се труделе да освојат „Б" едриличарска значка. Инаку, правилата за нејзино достигнување, односно добивање, биле прецизно пропишани од Централната аероклупска управа. Најнапред, за освојување „Б" едриличарска значка кандидатот морал да биде носител на „А" едриличарска значка. Потоа летовите со Саламандра се реализирале од повисоката кота, односно поголема височинка на т.н. аеродром во Зајчев Рид, популарно именувана како „пирамида". Од неа требало да се направат најмалку 4 летови со времетраење од по 30 сек. и еден лет во траење од 2 мин. со свртување лево и десно. На крајот на два минутниот лет требало да се слета на точно определена точка, односно обележано поле, на аеродромската ливада.

А целиот пат до освојувањето на посакуваните едриличарски значки бил долг и макотрпен. Најнапред, со зачленувањето во аероклубот, првиот чекор бил изработката на дрвени аеропландски модели, процес во којшто се стекнувала и основната воздухопловна култура. Потоа, за оние коишто сакале да го продолжат својот воздухопловен пат кон небото, следела практична работа во работилница со непосредно вклучување во изградбата или поправка на оштетени планери. Со овие два чекора се стекнувала воздухопловна култура и основни теоретски знаења за материјалите за изградба на планерите, но и за одредени знаења од повеќе насочната воздухопловната теорија. Третиот чекор бил обврзното следење стручна настава од областа на аеродинамиката, теорија на летањето, конструкции на воздухопловите, метеорологија и т.н. Дури потоа следеле чекорите кон летањето со планерите, односно едрилиците, коишто ќе се испреплетуваат низ записите од мојот аеродневник.

Ѓорги Чачкиров



# Чешки музеј на авијација – „KBELY“

Со безмалку 300 примероци на воздухоплови, од кои повеќе од 120 се изложени, а десет од нив се во исправна состојба за летање, овој музеј е еден од поголемите воздухопловни музеи во Европа

Чешкиот музеј на авијацијата – „KBELY“ е сместен е во североисточниот дел на главниот град на Чешка, Прага, на местото од поранешниот прв аеродром во Прага и, воедно, прв воен аеродром на чешката војска. Овој музеј ја спојува историјата и воздухопловството. Музејот бележи константен раст од нејзиниот почеток во 1968 година, па се до денес. Иако на почетокот целата изложба беше поставена само во еден хангар, просторот и бројот на експонати постојано расте. Денес во Музејот се изложени 128 воздухоплови од различен тип и производител , односно изложени се над 50 примероци на авионски мотори, различни авионски делови како елиси, инструменти, вооружување и други компоненти. Проширувањето на Музејот беше големо во толкава мера, што дел од експонатите и поставките за кои немаше можност да се сместат во аеродромот „Кбели“, се префрлија во објекти и простории во соседната установа – Стара Аеровка, која е во непосредна близина на Музејот. Овој музеј е посебен и го покажува податокот дека целокупната музејска поставка е надополнета и со најразлична опрема, како што се камиони, мотори, униформи и други видови опрема.



Организацијата и распоредот на експонатите во Музејот се поделени на пет главни изложбени хангари и на три надворешни поставки. Првата галерија, која се појавува според патеката на посетата, е галеријата која го носи името „Чехословачкото воено воздухопловство во периодот од 1918 до 1924 година“.  Местото каде што за прв пат е поставена поставка, односно местото каде што е основан музејот, е еден хангар. Хангарот каде што е поставена оваа поставка го носи името на основачот на Музејот, полковник Јарослав Јанечка. Овде се поставени




експонати кои го опишуваат периодот на Првата светска војна, а како особено интересни и ексклузивни се истакнуваат првиот изграден чехословачки авион „Letov Š-2“ и францускиот „SPAD VII“. Авионите се изложени во тематска диорама - подготовка на авион пред извршување задача со додадена работилница и опрема од овој период. Овој дел е надополнет и со страничен пресек на „BOHEMIA B-5“ и со тренажниот авион „AERO Ae-10“. Следната поставка во склоп на Музејот е поставката посветена на периодот на чехословачкото воздухопловство, до пред почетокот на Втората светска војна, поточно периодот од 1925 до 1938 година. Во оваа поставка се изложени следните воздухоплови: „Avia B-534“, првиот транспортен авион од чехословачко производство „Aero A-10“, како и авионот „Aero A-18C“. Третата постојана поставка што ја има музејот е посветена на воздухопловите кои се користеле за време на Втората светска војна. Самата поставка е отворена во 2008 година, после реновирањето на хангарот каде што се изложени експонатите. Во овој дел се изложени следниве експонати: советскиот „Ilyushin Il-2m3“, „Lavochkin La-7“, британскиот „De Havilland DH-82 Tiger Moth“ и други. Едни од ретките примероци во светски рамки се и германскиот „Messerschmitt Me 262B“ и наведуваната бомба „Fritz X“.Четвртиот хангар, во кој се изложени експонатите, е посветен на млазните авиони кои се користени од страна на чехословачкото воено воздухопловство. Во оваа поставка се изложени: чешката верзија на „Me 262“ – „Avia S-92“, рускиот „Yak-17“, американскиот „Lockheed T-33“, полскиот „PZL TS-11 Iskra“, чехословачкиот „Aero L-29“, рускиот „MiG-15 (UTI)“ и „Aero L-39 Albatros“. Последната постојана внатрешна поставка е посветена на чехословачкото воздухопловство после 1945 година до денес и, воедно, ова е и најголемата поставка во склоп на музејот која безмалку брои 60 воздухоплови. Некои од експонатите кои се изложени во оваа поставка се: „Avia S“, „CS 199“, транспортниот „Aero C-3A“, „Avia B-33“, „MiG 15“, „MiG 17“, „MiG-19“, „MiG-21“, „MiG-23“, „Mig-29“, „Aero Ae-45“, „Aero L-29 Delfín“, „L-39 Albatros“, „F-4“ и други. Во овој хангар е изложена и вселенската капсула „Soyuz 28“, со која единствениот чешки космонаут во 1978 година се има вратено од вселената. Покрај внатрешните поставки, во Музејот има и три поставки во отворениот дел. Првата група на експонати кои се изложени во надворешниот дел се посветени на транспортните и на комерцијалните воздухоплови како што се: „IL-18“,„Tupolev Tu-104“, „JAK-40“ и други. Втората група е составена од комбинација на хеликоптери и борбени авиони. Колекцијата ги содржи следниве воздухоплови: „An-26“, „ Saab 37 Viggen“, „Ilyushin Il-28“, „Su-25“, „Saab 35 Draken“, „F-5F Tiger II“, хеликоптерите „Mil Mi-24“, „Mi-8“, „Mi-1“ и други. Експонатите кои се во исправна остојба вза летање, секоја година се користат за време на  настанот „Отворени денови и тенковските денови“, кои се организираат во Лешани.

Музејот е отворен за посетителите само во летниот период, почнувајќи од мај до октомври, а работното време е од 10.00 до 18.00 часот секој работен ден, со исклучок на понеделник, кога е неработен ден. Влезот во Музејот е бесплатен за сите посетители, што го прави уште поатрактивен и подостапен за посетителите. Во склоп на Музејот има и продавница за сувенири и за лесна храна, која однадвор е во форма на контролна кула.  Прекрасната поставка на авиони од различно потекло, во комбинација со диорами и надополнета со опрема, го прави Музејот интересен за посета. Времето, коешто е потребно за посета на овој музеј, во просек изнесува три часа.

Златко Блажески





# Меѓународна соработка за вештачката интелигенција

Одделот за одбрана на САД интензивно и посветено работи на сопствената одговорна и етичка употреба на вештачката интелигенција и автономија во рамките на одбраната и вооружените сили. Висок функционер на Пентагон пред извесно време изјави дека Пентагон планира да се посвети и на развивање на меѓународна соработка за воениот развој на технологиите и би можел да повика десетици земји во следните месеци да ја прифатат поканата за унапредување на соработката на ова поле. „Ова е навистина јасна демонстрација на нашата посветеност за одговорно однесување", изјавил Мајкл Хоровиц, заменик-помошник секретар за одбрана за развој на силите, на настан кој се одржал во Центарот за стратегиски и меѓународни студии. „Мислам дека постои признание дека нормите кои се обидуваме да ги промовираме се суштински задачи и активности кои сите земји би требало да ги поддржат", објаснил Хоровиц. Тој истакнал дека 51 земја, не вклучувајќи ги Русија и Кина, веќе ја потпишале Декларацијата за која Стејт департментот вели дека „има цел да изгради меѓународен консензус околу одговорното однесување и да

Одделот за одбрана на САД се надева дека во догледно време ќе развие плодна меѓународна соработка на полето на вештачката интелигенција во рамките на вооружените сили

го води развојот, распоредувањето и користењето на воената вештачка интелигенција".
„Ние, всушност, работиме на потенцијална пленарна седница во првата половина на 2024 година, со оние држави кои ја одобрија политичката декларација и се надеваме дека уште повеќе земји ќе се согласат со опредлбите во Декларацијата", рече Хоровиц.
Во 2022 година, Пентагон ја објави својата долгоочекувана Одговорна стратегија за вештачката интелигенција и патиштата за имплементација на истата. Пред усвојувањето и имплеменацијата на Стратегијата, Одделот за одбрана усвои пет широки принципи за етичка употреба на вештачката интелигенција: одговорност, рамноправност, да можат да се следат, сигурност и да можат да се управуваат. Хоровиц истакна дека политичкиот меморандум „стои заедно со многу други иницијативи поврзани со вештачката интелигенција, што ја започна администрацијата на Бајден, како на домашен така и на меѓународен план".
Во октомври 2023 година, претседателот Џо Бајден потпиша Извршна наредба за вештачка интелигенција, за која администрацијата рече дека е една од најзначајните активности што некогаш ги презела која било влада за унапредување на полето на безбедноста, со цел да се осигура дека Америка е предводник на патот за справување со ризиците што ги носи технологијата. Како дел од извршната наредба, Белата куќа прокламираше дека програмерите на најмоќните системи на вештачката интелигенција ги споделуваат нивните резултати од тестовите за безбедност и други критични информации со Владата на САД, и дека на федералните агенции ќе им бидат издадени насоки за нејзината употреба.

м-р Зорица Стојкова

# Негување на традициите



Во Програмата за работа за 2024 година, во фоксот на вниманието се и активностите за одбележување на традициите, така што во тој контекст, ООЕ од Тетово и од Македонски Брод одбележаа значајни историски настани.  ООЕ на ОРОРСМ од Тетово достоинствено го одбележа 19 Март, Денот на формирањето на КПМ. Утрото на 19 март, делегација на ООЕ Тетово положи свежо цвеќе во Музејот на Тетовскиот крај, пред спомен-обележјето на КПМ, додека напладне, Извршнот одбор во проширен состав, со 18 резервни офицери, реализираа марш по патеката на Поречката бригада на падините на Жеден, во должина од 9 километри во двата правци. Пред почетокот на маршот, претседаелот на ООЕ од Тетово, м-р Радислав Коруноски, ги запозна учесниците на маршот со маршрутата, а делегатот во Собранието на ОРОРСМ и, воедно, потпретседател, Зоран Кироски, одржа краток говор за улогата и значењето на овој светол историски датум од македонската историја. По завршувањето на маршот, за учесниците беше приготвен скромен војнички ручек.
По повод 18 Март, патронатот на ООЕ на ОРОРСМ од Македонски Брод, во согласност со Планот за работа за 2024 година, се реализираа активности за одбележување на овој значаен ден за Општинската организација, односно беше положено свежо цвеќе на споменициte од НОБ на територијата на Општината. Имено, 15-тина членови на Организацијата, како и претставници на локалната самоуправа, на училиштата и други граѓански организации, положија свежо цвеќе на вкупно пет споменици на паднати борци од НОБ (1941 - 1945 година), од кои: два споменици во градот (во Градскиот парк и на Калето), еден споменик на локација с. Латово - с. Русјаци, еден во месноста Барбарос и еден  на споменикот на Илија Игескi-Цветан во село Здуње.

# Оддадена почит

Општинската организациона единица на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија од Охрид, на 7 април ја одбележа 25-годишнината од загинувањето на професионалниот војник Благојче Крстаноски, којшто го загуби животот на 7 април 1999 година на Горно Блаце. Значајно е да се напомене дека од почит кон него и во негова чест, ООЕ од Охрид го носи неговото име. По тој повод, со присуство на голем број делегации и жители на с. Ливоишта и на околните населени места, беше положено свежо цвеќе на спомен-обележјето (спомен-чешма) во центарот на с. Ливоишта и негово вечно почивалиште.



Свежо цвеќе положија голем број делегации, меѓу кои имаше делегации на: Армијата, ООЕ на ОРОРСМ „Благојче Крстаноски“ од Охрид, Општина Охрид, претставници на месните заедници на: Ливоишта, Вапила, Косел, Лескоец и Куратица, ОУ „Ванчо Николески“ од с. Лескоец, здруженијата на  Сојузот на борци од општините Охрид и Дебарца, Здружението на ветерани, ОО на СДСМ Охрид, ОК на ВМРО ДПМНЕ од Охрид, најблиските членови на семејството и нивните роднини.
На собирот присуствуваа повеќе од 150 граѓани кои ја проследија и пригодната панихида, отслужена од страна на парохискиот свештеник. За животниот пат и ликот на Благојче Крстаноски свое пригодно обраќање имаше и претседателот на ООЕ на ОРОРСМ, Благојче Крстаноски од Охрид и Митко Темелковски.

# Потпишан Меморандум за соработка со Здружението на ветерани и резервисти од областа на одбраната и безбедноста

Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија, на 28 март 2024 година потпиша Меморандум за соработка со Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија.  Меморандумот се потпиша во Домот на Армијата во Скопје, во седиштето на Здружението на ветерани и резервисти. Меморандумот го потпишаа претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и претседателот на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста, проф. д-р Темелко Ристески, полковник во пензија. На чинот на потпишувањето, од ОРОРСМ присуствуваа и генералниот секретар Никица Бангиева, претставникот во Собранието на ОРОРСМ од Кичево, Драгољуб Столески и стручниот соработник Тони Мицевски, додека од страна на Здружението на ветерани и резервисти, освен претседателот, проф. д-р Темелко Ристески, присуствуваа и дел од членовите на Претседателството, а присуствуваше и почесниот претседател на Здружението, генералот Илија Николовски. На почетокот присутните ги поздрави претседателот, д-р Темелко Ристески, кој ги запозна присутните со историјатот и активностите на Здружението. На присутните им се обрати и претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, кој рече дека овој чин е од големо значење за двете здруженија но, пред се, најмногу е значајно за одбраната и безбедноста на македонската држава. На крај се обрати и почесниот претседател, генералот Илија Николовски, кој истакна дека конечно, по повеќегодишни обиди, благодарение на разбирањето и разумноста на сегашните



раководства, успешно беше потпишан овој меморандум. Исто така, тој истакна дека отсекогаш ја почитувал Организацијата и оти и во иднина ќе ја поддржува заложбата на сегашното раководство, коешто максимално се вложува за просперитетот на ОРОРСМ.

Тони Мицевски




# Коста (Кочо) Солев Рацин

## „Црвениот“ поет, борец и интелектуалец

Кочо Рацин е најмоќниот македонски поет, којшто преку пишаниот збор го претставил мачниот живот на македонските работници и на бедните селани во стара Југославија. Неговата поетска збирка „Бели мугри“ е извонредно уметничко дело на ангажираната родољубива и социјална поезија, инспирирана од маките на македонскиот селанец и работник.

Кочо Рацин  бил револуционер, комунист, со мошне голема дарба за пишување. Својот живот го посветил на народот и на народната револуција. Поттикнат од пролетерската средина што го опкружувала, уште како млад бил на нејзината авангарда. Неговата поетска збирка „Бели мугри“ е извонредно уметничко дело на ангажираната родољубива и социјална поезија, инспирирана од маките на македонскиот селанец и работник

Коста Солев Рацин бил роден во работничко семејство во 1908 година во Велес. Кај татко му во занаетчискиот дуќан се прекалува преку грнчарството во еден вреден човек, којшто не мирувал ниту духовно ниту интелектуално. Читајќи марксистичка и уметничка литература, му се отвора патот да се приклучи на напредните сили во родниот град Велес. Заедно со спортското друштво „Напредок“, тој ги помагал тетарските претстави, вечеринки и други културно-просветни приредби. Кочо Рацин многу читал. Во 1930 година запознава студенти кои го разбирале комунистичкото движење и ова многу позитивно влијаело врз него. После три години, во 1933 година, се нашол во работничка  средина каде што длабоко навлегол во срштa на проблемите на работничката класа. Тој, иднината ја гледал во младите луѓе и во работничката класа. Со нив полемизирал за капиталот, за наемниот труд, за националните потчинувања, за работодавците. Кочо Рацин бил комунист и член и на културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ“ во Скопје, така што станал член на



образовниот Областен комитет на КПЈ за Македонија.
Кочо Рацин во 1933 година заминал за Загреб каде што издавал илегален материјал, летоци и брошури со комунистичка содржина. Бил раководител на СКОЈ во Велес, а во 1928 година бил учесник-делегат на 4. конгрес на КПЈ во Дрезден. Истата година е затворен во Сплитскиот затвор, каде што бил измачуван. Бил уредник на илегалниот партиски весник „Искра“ преку кој се настојувало да се влијае врз подигнувањето на свеста кај младите и работниците, со цел тие да си ги бараат своите права во време на економска криза, кога масовно се отпуштаат луѓе од фабриките. Над 42 пати бил изведен пред полициски сослушувања, а бил и садистички мачен и понижуван. Скопскиот суд го осудил на четири години робија во Сремска Митровица во 1934 година поради активната комунистичката дејност. Бил и во политичкиот логор во Ивањица. Враќајќи се од интернацијата која му ја приределе Бугарите во Македонија,тој отишол во партизани. Загинал во јуни 1943 година на планината Лопушник, под неразјаснети околности.

**Творештвото на Рацин е предвесник на слободната и прогресивна култура**

Историјата ќе го памети Кочо Рацин како партизан, хуманист, интелектуалец со граѓанско педигре и со љубов кон човештвото, но најмногу по неговата поезија во која ја наоѓал и смислата на својот живот. Преку своите, можеби немногубројни, но квалитетни уметнички испишани страници за македонскиот стремеж за афирмација на националната култура, Рацин огорчено го обвинува поредокот во кој „човек на човека му е роб“. Дел од неговите дела кои се напишани на српски, на бугарски и на македонски јазик се уништени од полицијата, а останатото книжевно наследство се чувале во Семинарот за историја на книжевностите на народите на ФНРЈ на Филозофскиот факултет во Скопје, како и во Рациновиот музеј во Велес. Преку писанијата, на еден културен начин, тој води војна за посветла иднина на татковината.
Рацин бил гневен и револтиран поради тешката животна ситуација за време на економските движења. Особено го измачувала положбата на обесправените работници, социјалниот живот и спрегите на слободарскиот дух. Преку неговиот поетски израз се чувствува отворен револуционерен повик за промени на агонијата, за крах на еден ред и поредок. „Само борбата носи светлина ! Само смртта носи вечност!“ е интимното и длабоко чувство на Рацин. Мугрaта за него е визија-ревизија. Само преку верата, вербата и довербата македонскиот печалбар, занаетчија, тутунар, наемен работник, аргат или работник ќе прерасне во градител на новиот свет на ослободениот труд и човечка среќа.
Кочо Рацин имал и некои интересни ставови кои се оквалификувани како предвесник на модернизмот во уметноста како, на пример, следните редови напишани на српскохрватски јазик: „…Мртве смо ствари, машине од крви, мир да се не ремети!... Тај грч у болу наших тела,тај плач у знoју оловних капи и умирање болно уз челичног строја, зар није то ништа? Ко упи осмех наше среће?“, забележува Кочо Рацин во неговата песна „Предвечерје“
Рацин е поим за култура. Тој е предвесник на новите „ветрови“ во современите литературни движења но, и во немирните доживувања на македонштината во луѓето. Рацин е поет-трудбеник, критичар, бунтовен партизан, кој уште како грнчарски работник зад грнчарското колце, грчевито ги надминува мрачните рамки на реалноста кои го задушувал и кои логички го стеснувале во неговиот слободарски творечки замав.
Стихозбирката „Бели мугри“ е збирка поезија издадена 1939 година во Загреб. Тоа е врв на неговата лична психологија, одраз на борбата на македонскиот народ за национална слобода и култура. Остроумниот пролетерски поет, писателот на социјалните народни крикови, твори под строги етнички критериуми, со возбудливи уметнички зборови. Тој „се калемел“ преку личната борба за сопствена национална култура и идеја. Личниот неспокој, впрочем, е и брановидна волја на сите оние кои се сметаат за прогресивни во Македонија, но и печалбарите во дијаспората.
Рацин го трасирал патот кон подобро утре. Иако затворските зандани можеби влијаеле еден период и врз неговите ставови, сепак тој секогаш ги бранел своите ставови и ги застапувал. Ги сакал народните песни , ги забележувал , но посебно ги љубел оние кои мајка му Марија често ги пеела. Тие песни му биле инспирација за пишување поезија и за негување на македонскиот фолклор. Се интересирал и за богомилството. Неговата мисла и дејствување е сложен интелектуален потфат, борбен и огнен, во правец на демократските струења, со изразени ставови на интелигенцијата. Неговите поетски дела и ден-денес претставуваат синоним за вистинско родољубие и патриотизам.

Васе Митреска





# Артур Гротгере

## Сликар на националната солидарност

Артур Гротгере е главниот претставник на полскиот романтизам. Артур Гротгере бил сликар и графичар, еден од најистакнатите уметници од средината на 19 век, во најбурното време на полската историја, време на поделбите на Полска и многуте востанија и бунтови

Артур Гротгере, најголемиот претставник на сликарскиот романтичарски правец во Полска бил роден во Отиниовице, Источна Галиција (сега Отиневичи, Украина). Неговиот татко, Јан Јозеф Гротгер, бил полски офицер со германско потекло кој командувал со полкот на Уланс, наречен „Варшавски џечи“ (Варшавските деца) за време на неуспешното Ноемвриско востание против Русите во 1831 година. Јан Јозеф Гротгер бил уметник-аматер, кој во суштина и му ги предал основните знаења за уметноста на својот син Артур.
Артур Гротгере на единаесетгодишна возраст,бил испратен да студира сликарство во Лув под менторство на Јан Канти Машковски, дополнително со Станислав Тарновски и краток период  со Јулиуш Косак. Во 1852 година тргнал на патување во Краков (тогаш во Австроунгарската империја) за да посетува часови на Академијата за ликовни уметности Јан Матејко. Тамошните студии ги поминува под менторство на Владислав Лушчкевич и Војчех Корнел Статлер.
Од 1885 до 1858 година Артур Гротгере имал часови на академијата во Виена и студирал кај Карл фон Блас и Кристијан Рубен. Додека бил во Австрија, Артур Гротгере патувал и имал студиски престои во Минхен, во Венеција и во Унгарија, каде што го запознал и својот најголем иден спонзор и добротвор, грофот Александар Папенхајм. Се вратил во Полска во 1865 година, по колапсот на Јануарското востание. Одредено време Артур Гротгере поминал на имотите на полските љубители на уметноста во Подолија, меѓу другите во куќата „Манор“ на Станислав Тарновски во Шњатинка и





таму насликал бројни слики за циклусот Литванија.
Во 1866 година Артур Гротгере ја запознал својата свршеница Ванда Моне, млада полска патриотка и поминал многу време во нејзината куќа. Меѓутоа, за жал ,во тој период се разболел од туберкулоза. Во 1867 година заминал за Париз со надеж дека ќе заработи повеќе пари, кои му биле потребни за неговото лекување. Неговата болест станувала се повеќе се влошувала, и тој, со собраните средства и со сериозно влошено здравје, истата година принудно се преселил во Пау во јужна Франција. Во ноември 1867 година отишол во санаториум во Амели-ле-Бен, каде што и починал на 13 декември истата таа година, на само 30-годишна возраст.
Артур Гротгере, иако имал краток животен век, неговото сликарство и уметнички дела воопшто, го издигнува на највисоко место во полското сликарство од тој период. Мотивите кои ги сликал главно се епски борбени сцени, портрети и коњи. Артур Гротгере, некои од неговите најпознати слики ги изработил додека бил во Виена. За време на неговиот престој во окупирана Полска, тој го вложил целиот свој талент и енергија во прикажувањето на надежите и ужасите на неуспешните полски востанија во неколку серии на панели: „Варшава“, „Полонија“, „Литванија“ и „Војна“ (1863-1867), дела кои воопшто не му донеле никаков приход.
Серијата со наслов „Полонија“ вклучува осум табли кои ја прикажуваат мрачната реалност на секојдневниот живот и борбата под руска окупација. Оваа серија на слики го создава топосот на маченичката иконографија во која се впиени сеќавањата и имагинацијата на многу генерации Полјаци со сцените на востаничките битки, претставува агонија, маченишто и клучна идеја за уметничките дела на Гротгер и за националната солидарност. Кондензирана, преполна со емоции и универзално-симболична, уметничката реалност на серијата успева перфектно да ги преобрази историските факти. Гротгер поседувал свој внатрешен ред и ја подредил документарната димензија на нејзината метафорична интерпретација.
Структурата на серијата „Полонија“ ја открива амбицијата на Гротгер да ја усогласи епската со елегичната поетика. Во 1908 година, Игнаси Јан Падеревски, чиј татко бил фатен во востанието и бил уапсен, ја компонира симфонијата во Б-мол, „Полонија“, која била инспирирана од серијата слики на Гротгер.



м-р Трајче Чатмов



# „Оди и гледај“

„Оди и гледај“ (во оригинал Иди и смотри) е советски култен антивоен филм, снимен во далечната 1985 година од страна на белорускиот режисер Елем Климов. Во 2001 година филмот е објавен на DVD во САД од страна на „Кино Лорбер“. Во текот на 2017 година филмот „Иди и гледај“ официјално е обновен/преснимен, а преснимувањето го надгледувал Карен Шахназаров. По обновувањето, филмот „Иди и гледај“ ја освојува наградата „Венецијанска класика“ за најдобро обновен (преснимен) филм и е прикажан во неколку европски независни кина. Филмот се здоби со светска слава и до ден-денес претставува филм кој на единствен начин ги прикажува ужасите и траумите кои ги создава војната во психата и животите на човекот, особено кај децата и младите. Филмот „Иди и гледај“ го зазема високото 41. место на листата на најгледани и најдобри филмови на сите времиња.

Дејството во филмот „Иди и гледај“ се случува на територијата на Белорусија за време на нацистичката окупација во 1943 година и го следи животот и промените кои ги носи војната кај четиринаесетгодишникот Фљора, кој го толкува актерот Алексеј Кравченко. На почетокот на филмот Фљора пронаоѓа закопана пушка и е воодушевен што ќе може да се приклучи кон локалните селски партизански единици и да учествува во војната. Фљора, за цело време на целото дејствие на филмот ја носи пушката, но во ниту една сцена не е прикажано дека ја употребува, што сведочи за неговата неискусност и младост. Во партизанската единица Фљора извршува основни и полесни задачи.

Командантот на единицата, Косач, наредува да се оди во битка, но на Фљора му наредува да остане во кампот. Фљора негодува и е видно разочаран бидејќи нема да се бори заедно со возрасните борци. Разочаран и налутен, Фљора го напушта кампот и оди да се прошета во шумата. Таму ќе ја сретне Глаша (Олга Миронова), партизанската болничарка. Додека разговараат се слушаат звуци на бомбардирање од воздух и сфаќаат дека Германците го бомбардираат нивниот камп и селото, и дека тие имаат среќа што останале живи и само делумно ги почувствувале последиците, односно од силниот татнеж на гранатите, Фљора делумно го губи слухот. После нападот двајцата се враќаат во селото, но селото е целосно празно, без ниту еден жител. Фљора стравува за своите најблиски и за нивната судбина. Тој започнува да трча во непознат правец, надевајќи се дека таму во далечината го чека мајка му. Додека трча, тој не обраќа внимание на околината, но гледачите се сведоци на страшни призори и морбидни сцени на воени разорнувања и убиени цивили. Заедно со Глаша стигнуваат до











мочуриштето и до островот каде што ќе ги дочекаат одреден број на избегани селани. Фљора, како единствен кој има пушка, заедно со уште тројца возрасни мажи тргнува во потрага по храна, но за време на потрагата тројцата возрасни наидуваат на нагазна мина и загинуваат, а Фљора останува сам. Следниот ден Фљора запознава селанец од соседното село, кој сака да го засолни во неговото село. Во селото му дава ново име на Фљора и му посочува што да каже за својот живот кога ќе влезат Германците во селото. Германците влегуваат во селото и оставаат пустош зад себе. За  чудо, тој останува жив и на крајот учествува во заробувањето на Германците кои вршеле убиствата и ги мачеле селаните од нивната област. Филмот завршува со сцени на ослободување од страна на белоруската војска. На крајот од филмот, Фљора целосно е изменет, и физичи и психички, што претставува трајна последица и траума од ужасите на војната кои ги преживеал.

„Иди и гледај“ е филм кој е сниман на специфичен начин. Дејството е бавно и развлечено, со мешање на реалистични, хиперреалистични и надреалистични сцени, кои ја претставуваат основата на егзистенцијалистичката филозофска порака на филмот. Највпечатливи се сцените кои го прикажуваат ликот на младиот Фљора, како тој се менува во текот на војната, добивајќи експресивни тикови и гримаси кои сведочат за неговата нарушена психа и повредена душа. Филмот ја прикажува борбата помеѓу завојуваните страни во војната, но и внатрешната борба во психата на главниот лик.

Сите настани кои се одвиваат во текот на филмот со луѓето и селаните, всушност се случиле токму онака како што е прикажано и во филмот. Во филмот, улогите на селаните не ги толкуваат професионални актери, а јазикот на којшто тие зборуваат е нивниот белоруски јазик. Пораката на филмот „Иди и гледај“ е актуелна и денес. Војната, за жал, сè уште е присутна на тлото на Европа и во светот. Иако Втората светска војна  е завршена многу одамна, воените трагедии сè уште се присутни и во модерното општество. Современото општество видно напредува во многу аспекти, но исклучително е тажно што воените разорувања се присутни до ден-денес, без видливи навестувања дека општеството има напредок, од аспект на пацифизмот. Гледајќи го филмот „Иди и гледај“, не може да не се помисли на денешната војна во Украина и на судбината на младите војници и на недолжните цивили.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Елем Климов

**Сценарио:** Елем Климов, Алеш Адамович

**Жанр:** Антивоена драма

**Улоги:** Алексеј Кравченко, Олга Миронова, Љубомирас Лауцевициус, Владас Багдонас,

**Музика:** Олег Јанченко

**Јазик:** руски, белоруски, германски

**Продукција:** „Беларус филм“, „Мосфилм“

**Земја:** Советски Сојуз

**Година:** 1985

**Времетраење:** 142 минути

**Заработка:** 21 милион долари



# Кнежино – совршено м... Киче...

На околу шест километри од Кичево, на  1000 метри надморска височина, се наоѓа селото Кнежино, опкружено со густа костенлива шума. Кога ќе пристигнете, ве дочекува чист воздух, убаво расцветани дрвја и црцорење на птици. Таму постојано живеат десетина лица, но за време на викендите е поживо бидејќи доаѓаат кичевчани за да се одморат и да се релаксираат од секојдневните обврски. За жал, и тука има разрушени куќи кои се оставени на „забот на времето", но и добро уредени викендички. Прошетајте низ убавата природа, почувствувајте ја природата со сите сетила. Испешачете убаво. Можете да тргнете од почетокот на селото по патеката, па да слезете до манастирот „Свети Ѓорѓија". Шетајќи ќе поминете покрај главната селска црква, „Свети Димитрија", а можете да поразговарате и со некој од мештаните, кои ќе ви раскажат за ова планинско место кое некогаш било од збиен тип и било основано во средниот век. Основач на селото и на блискиот манастир бил некој кнез, па оттаму и името. Селото Кнежино за првпат се споменува во 1476 г., кога имало 35 христијански куќи. Во околината има и пасишта и обработливо земјиште. Појдете до манастирот „Св. Ѓорѓи", кој некогаш располагал со многу земја и со пространа шума, но за време на турската власт бил срушен.  Тогаш настрадало и самото село Кнежино. Потоа, Кнежино, како и Манастирот, биле обновени. Околу Манастирот има букова и дабова шума, а некои од дрвата се со повеќевековна старост. Во манастирскиот двор се наоѓаат две чешми низ кои тече изворска вода, која се смета за лековита. Манастирот е убаво уреден, а посветен е на Свети Ѓорѓи, кој се смета за чудотворец, исцелувал болести, ги заштитувал луѓето и стоката. Тука ќе ги видите и остатоците од ранохристијанската разурната црква. Манастирскиот комплекс опстојувал во средновековието, до неговото палење, запустување и рушење во првата половина на 18 в. Во 1985 г. започнале археолошки истражувања на манастирската црква и на некрополата, кои траат до денес. Манастирскиот комплекс бил целосно обновен во 1973 г., кога жителите од селото ја изградиле малата црквичка на западниот дел на старата црква, а во исто време го изградиле и манастирскиот конак. Најновата црква, четврта по ред во манастирскиот комплекс, започнала да се гради во 1999 г., а е осветена на 11 октомври 2007 г. Манастирскиот комплекс нуди можност и за преспивањеи е совршено место за одмор. Во непосредна близина на Кнежино е комплексот Куќа на уметноста, извонредно уреден објект, со уметнички дела кои се распределени низ целиот простор во шумата. Кнежино е вистинското место каде што може да се релаксирате со вашите најблиски и да поуживате еден викенд.

Каролина Мицевска
Зоран Василески



# место за релаксација во евско








